Јуни
2023

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА НА ООУ„КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С. РОМАНОВЦЕ - КУМАНОВО ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

oou.kiril.metodij@gmail.com

СВЕТИ КИРИЛ
И МЕТОДИЙ

Содржина

- Насловна страна
- Вовед
- Мисија и Визија
- Лична карта на училиштето
- Просторни страни за работа на училиштето
- Мапа на училиштето
- Структура на училиштето
- Наставен и ненаставен кадар
- Ученици
- Мисија и визија
- Веќе научено/стекнати искуства
- Подрачја на промени, приоритети и цели
- Акциски планови
- План за евалуација на акциските планови
- Календар за работа
- Настава
- Оценување
- Воннаставни активности
- Подршка на ученици
- Безбедност на училиштето
- Грижа за здравјето
- Училишна клима и односи во училиштето
- Професионален развој на образовниот кадар
- Вклученост на семејствата во училиштето
- Комуникација со јавноста и промоција на училиштето
- Прилози
- Инструмент за подготовка, следење и евалвација на програмите и акционите планови

Вовед

Општинското основното училиште „Кирил и Методиј“ с. Романовце - Куманово изготвува Годишна програма за работа на училиштето согласно со:

- Законот за основно образование " пречистен текст"(„Сл. весник на Р.С.М." бр. 161/19);
- Наставните планови и програми (http://www.bro.gov.mk/ основно-образование);

Треба да се понудат начини за подобрување на квалитетот на наставата, особено во однос на основните и дигиталните вештини, да го направат училишното образование поинклузивно и родово чувствително и да ги подобрат постигањата на учениците. Тие ќе треба да помогнат да се зајакне разбирањето на климатските промени и одржливоста, да се поддржи наставничката професија, да се шират европските вредности и да се подобри поврзаноста меѓу институциите за образование и обука.

Од наведените димензии, како клучни области на делување и во нашиот образовен систем, може да се издвојат следните:

-совладување на основни вештини како што се: математика, јазична писменост и природни науки), вклучително и на дигиталните компетенции,

- совладување на трансверзални вештини, како што се: критичко размислување, претприемништво, креативност и граѓански активизам преку пристапи кои се трансдисциплинарни, насочени кон учениците и базирани на предизвици,

- негување на учење јазик и повеќејазичност за да се обезбеди мобилност во образованието и пазарот на трудот и полесно да се надминат културните бариери со кои се соочува Европа денес,

- прифаќање на европска перспектива во образованието како комплементарна на националните и регионалните перспективи за да се овозможи увид во европските вредности и европското секојдневие,

- обезбедување институциите за образование и обука да бидат безбедни средини, без насилство, говор на омраза, дезинформации и дискриминација

Промените во основното училиште треба да се насочат кон настава и учење во кои се развива аналитичко и критичко мислење, се поттикнува креативност, се учи како да се препознаваат вистинити и невистинити информации и дека нивното правилно користење е далеку покорисно и повредно од поседувањето информации. Во подобреното основно училиште наставата е мотивирачка и на учениците им нуди вештини кои се релевантни и неопходни за успех како во училиште така и во вонучилишната реалност. Компетенциите за доживотно учење преточени во Националните стандарди, а посебно оние кои се однесуваат на вештините за креативно изразување, критичко размислување, комуникација и соработка треба да бидат интегрирани во сите наставни програми и да бидат дел од секој час, на ист начин како јазичната и математичката писменост.

Исто така, дигиталната интеграција е основа на новото образование, но не само преку едноставно „додавање“ ИКТ на постојните наставни методи. Дигиталната технологија мора да се применува на начин кој им е од непосредна корист на учениците.

Наставата во учебната година ќе се остварува според Календар на настава кој ќе го носи Министерството за образование и наука.
- Наставните програми по предмети (одделенска и предметна) настава - Измените во наставните планови за поедини наставни предмети од минатата учебна година;
- Основи за програмирање на воннаставната образовна работа на основното училиште и на работата на стручните соработници од 1998 год.;
- Концепција за деветгодишно образование;
- Статутот на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Промени и иновации кои ги планира училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната година;
- Анализа на степенот на реализација на минатогодишната програма за работа на училиштето;
- Квантитативните и квалитативните резултати од реализација на истата;
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
- Извештаи за финасиското работење на училиштето
- Кадровските и материјалните услови на учиштето;
- Најновите сознанија од советувањата, семинари, педагошка литература и пракса и новата концепција за основно образование;
- Сознанијата добиени од стручното усовршување;
- Соработка со други училишта;
- Осовременувањето на училишниот простор и набавката на неопходни нагледни средства се темелат на следните законски основи:

- Законот за основно образование,
- Закон за заштита на лични податоци
- Закон за работни односи,
- Закон за јавни набавки,
  Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони (www.pravo.org.mk ; www.eduzakoni.mk ; www.slvesnik.com.mk)
- Под – законски и интерни акти (Статут, Етички кодекс, Деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за дежурни ученици, Правилник за изведување на екскурзии, Правилник за пофалби и награди на ученици, Правилник за изрекување педагошки мерки, Правилник за заштита на лични податоци, Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на училишните натпревари на учениците)

Изготвената Годишна програма за работа на училиштето се доставува на усвојување на Училишниот одбор. Училишниот одбор на седницата што се одржа на ден 05.07. 2023 година, ја донесе Годишната програма за работа на училиштето.

Програмата ќе биде доставена до Општина - Куманово и до Биро за развој на образованието Подрачна единица Куманово.

Лична карта на училиштето-ООУ„Кирил и Методиј“
с. Романовце-Куманово

Име на училиштето	*О.О.У.„Кирил и Методиј“*
Адреса,општина,место	*с.Романовце - Куманово*
Телефонски број	*031/465181*
Фах	*031/465181*
е-маил	*е-маил* oou.kiril.metodij@gmail.com
Основано од	*Општина Куманово*
Годинана верификација	*10-1121/3 09.06.1995година*
Јазик на кој се изведува наставата	*Македонски и албански јазик*
Година на изградба	*1994 година*
Тип на градба	*Тврда*
Површина на објектот	*1029м2*
Површина на училишниот двор	*6067м2*
Површина на спортски терени и игралишта	*Две*
Училиштето работи во смени	*Во две смени*
Начин на загревање на училиштето	*парно со нафта*
Број на одделенија	*од прво до девето одд.*
Број на паралелки	*34*
Број на смени	*2*

Просторни услови за работа на училиштето
во ООУ„Кирил и Методи“,с. Романовце

Вкупен број на училишни згради	*1*
Бруто површина	*6067 м2*
Нето површина	*1092м2*
Број на спортски терени	*1*
Број на катови	*2*
Број на училници	*15*
Број на помошни простории	*1*
Училишна библиотека	*1*
Начин на загревање на училиштето	*Парно на нафта*

Просторни услови за работа на училиштето
во ПУ с. Агино село

Вкупен број на училишни згради	*1*
Број на подрачни училишта	*1*
Бруто површина	*3500м2*
Нето површина	*350м2*
Број на спортски терени	*1*
Број на катови	*1*
Број на училници	*5*
Број на помошни простории	*1*
Училишна библиотека	*0*
Начин на загревање на училиштето	*Парно на дрва*

Материјално - технички услови

Од опрема училиштето поседува: апарат за копирање (1), телевизори (1), графоскопи (1), касетофони (2), дигитален фотоапарат (1), камери за надзор, компјутери и таблет компјутери за учениците, лаптопи за наставниците, ЛЦД проектори, музички системи и интернет мрежа достапна за секој наставник и ученик.

Во училиштето е обновен и училишниот мебел, променети се подовите, променети се старите прозорци и врати со пвц столарија, обновен е тоалетот, набавени се нови нагледни средства, компјутери, опремување на кабинет по хемија и други технички помагала.

Училиштето располага со: библиотека (1), наставничка канцеларија (1), кабинети (1) и други простории .

Покрај постојните наставни средства за што поефикасно и поуспешно реализирање на наставата, училиштето во неколку училници има компјутери, располага со кабинет по информатика .

Училиштето е поврзано со Интернет и има сопствена меил адреса .

Персонални компјутери има кај директорот, секретарот, стручните соработници, и во наставничка канцеларија.

Училиштето има изградено нов спортски терен со игралиште за мал фудбал, ракомет и кошарка.

Училишната библиотека располага со 3786 книги: прирачници, публикации, списанија, брошури, енциклопедии, стручна литература за наставниците, слободна лектира, детски книги...

Мапа на училиштето:



Структура на училиштето

Училишен Одбор	1. Нуртен Абдулахи - наставник 2. Газменд Исуфи - локална власт-член 3.Локман Муслии- родител -член 4.Ајредин Целадини – родител-претседател 5.Кадише Бајрами - наставник 6.Стојко Соколовски - родител-член 7.Сања Петковска - наставник
Совет на родители	1. Сермет Изаири 2. Назми Кадрии 3. Орхан Ебиби 4. Сенад Шабедини 5. Ведат Абази 6. Идриз Изаири 7. Бехар Амети 8. Нуран Муслиу 9. Билен Мемеди 10. Суат Амети 11. Ајредин Целадини 12. Арбен Ганиу 13. Рецаил Авдиу 14. Седат Есади 15. Аднан Муслиу – претседател

	16. Џелал Абази 17. Ќазим Џеладини 18. Вацид Саити 19. Момчило Јовановски 20. Далибор Зафировски 21. Стојко Соколовски 22. Дејан Димковски 23. Каролина Јовановска 24. Драгана Зафировска 26. Сања Зафировска ПОУ с. Агино Село 27. Влатко Тошевски 28. Митра Божиновска 29. Мими Милосавлевска 30. Љупчо Николовски 31. Марјан Ангеловски 32. Аце Ангеловски 33. Влатко Спасовски 34. Александра Богдановска 35. Кристина Петровска
Стручни активи	1. Стручен актив на одделенска настава 2. Стручен актив на природно математичка група на предмети 3. Стручен актив на општествено хуманитарна група на предмети
Одделенски совети	Одделенските совети ги сочинуваат 18 одделенски и 16 предметни наставници
Членови на ученичка заедница	16 ученици (по еден претставник на ученичката заедница на паралелката)

Наставници според јазикот на кој изведуваат настава и видот на работникот

	Вкупно		*На неопределено време*		*На определено време*	
	се	*жени*	*се*	*жени*	*се*	*жени*
Македонски	*25*	*21*	*22*	*18*	*3*	*5*
Албански	*33*	*15*	*27*	*12*	*6*	*13*

ВКУПНО	*58*	*36*	*49*	*30*	*9*	*6*

Степен на образование на вработени

Образование	*Број на вработени*
Високо образование	*48*
Виша стручна спрема	*10*
Средно образование	*3*
Основно образование	*2*

Старосна структура на вработени

Година	*Број на вработени*
20-30	*5*
31-40	*18*
41-50	*16*
51- 64-пензија	*22*

ООУ„Кирил и Методиј“с. Романовце
Учебна 2023-2024 год.

Албански јазик

Одделенски раководител	Одд.	парале	Бр. на ученици	ж	М		Одделенски раководител	пара	Број на ученик	ж	М
Кадише	I а	1	14	6	8	**28**	1 Буба	1	6	5	1
Фатјона	I б	1	14	5	9						
Шукрије	II а	1	19	9	10	**29**	II Бети	1	5	3	2
Цаиме	II б	1	10	/	10						
Несрине	III а	1	11	3	8		III Бети	1	5	3	2

Македонски јазик

Муртезан	III б	1	11	3	8	**26**					
Џемаледин	IV а	1	11	9	2		IV Анета	1	7	5	2
Беса	IV б	1	12	4	8	**23**					
Исние	V а	1	7	3	4		V Анета	1	5	2	3
Ханемша	V б	1	8	2	6	**15**					
Вкупно		10	**117**	**44**	**73**		Комбинирани	3	28	18	10
Сулејман	VI а	1	15	7	8		VI Ленче	1	6	4	2
Џелал	VI б	1	16	8	8	**31**					
Селвер	VII а	1	18	11	7		VII Светлана	1	5	1	4
Маире	VII б	1	17	8	9	**35**					
Нухи	VIII а	1	16	9	7		VIII Милош	1	8	3	5
Илире	VIII б	1	19	9	10	**35**					
Џемиле	IX а	1	15	6	9		IX Марина	1	5	3	2
Лирим	IX б	1	17	7	10	**32**					
		8	**133**	**65**	**68**			4	24	11	13
Вкупно		18	**250**	**109**	**141**			7	52	29	23
			уч.250			**Вкупно**			**уч.52**		

На ниво на училиште

На ниво на училиште	Алб.јази	Македонски централно	Подрачно	2023/2024
- женски	109	29	31	
- машки	141	23	29	
- Вкупно	250	52	60	

	Албански јазик	Македонски јазик	Вкупно ученици
Вкупно ученици	250	112	362

Учебна 2023-2024 год.

ПОУ с. Агино село

	Класен раководител и одд.	парале	Бр. На Ученици	ж	М
	I Кети	1	5	4	1
	II Магдалена	1	9	5	4
	III Розета	1	4	2	2
	IV Маја	1	8	5	3
	V Душица	1	3	1	2
			29	**17**	12
	VI Сања	1	3	2	1
	VII Валентина	1	12	4	8
	VIII Марјан	1	8	6	2
	IX Сузана	1	8	2	6
			31	**14**	**17**
	ВКУПНО	**9**	**60**	**31**	**29**
	ВКУПНО			**60**	



31% македонски ученици **69% албански ученици**

Мисија на училиштето

Развивање на современа компјутеризирана настава, обезбедување на Еко средина, применување на објективно оценување,развивање на чувства за одговорност,хуманост и стекнување практично применливи знаења кај учениците

Го поттикнуваме учењето , личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците и ги оспособуваме за соживот во мултиетничко општество

Изјава за мисијата

- Користиме современи приоди во наставата за поефикасно учење и поучување на учениците

- Го поттикнуваме личниот ,емоционалниот,социјалниот развој на учениците

- Ги оспособуваме учениците за соживот во мултикултурното општество,

ВИЗИЈА

Добра организираност на вработените фокусирани кон работата и поставените цели, за создавање на еднакви можности за учење и создавање на здрава и чиста училишна клима.

КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ - ПАТ КОН ИДНИНАТА

Ќе ги подобруваме постигањата на учениците преку примена на современи приоди во наставата и ќе ги промовираме нивните знаења соработувајќи со локалната и

Визија

САКАМЕ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ ДА БИДЕ МЕСТО ЗА ПРИЈАТЕН ПРЕСТОЈ И ЕФИКАСНО, СОВРЕМЕНО УЧЕЊЕ

Цел на визијата:

Преку воспитно образовниот процес да се влијае на создавање на здрави личности во поглед на физичкото, менталното и социјалното здравје кои ќе ги остварат обврските на одговорни граѓани.Стекнатите знаења и вештини да бидат трајни и истите да можат да ги применуваат во понатамошното образование и извршување на работните задачи.Остварувањето на визијата, училиштето ќе го овозможи преку стекнување на знаења, вештини и позитивни вредности на личноста.Континуирано ќе работи на остварување на целта на визијата преку учење, критичко мислење, напредување од сите области користејќи ги потенцијални средства со кои располага училиштето.

МОТО НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето со визија претворено во акција за стекнување знаења

Училиште во кое сите имаат можност да напредуваат

Слогани

-Учи за да научиш и да умееш
- Јас сакам и можам повеќе
- Работи паметно а не потешко
- Само одговорните и упорни стигнуваат до целта
- Цени се себе си, ти можеш повеќе
- Почитувај за да бидеш почитуван
- Посади добрина,љубов ке ти никне

Веќе научено / Стекнати искуства

Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализита на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него.Овие искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците.
За успешно постигање на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од :

- анализи и заклучоци од спроведени самоевалуации за работата на училиштето;одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители;
- анализи и искуства од работењето на Наставничкиот совет, Одделенските совети, и Стручните активи;
- искуства стекнати при реализација на наставните планови и програми
- стекнати знаења од посетени обуки, семинари и работилници;
- знаења и вештини од проекти кои се имплементираат во наставата;
- придобивки од користење и почитување на првилници за работа и однесување на сите целни групи, етички кодекс на оценување на постигањата на учениците , како и критериуми и стандарди на оценување на постигањата на учениците;
- придобивки од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и воннаставните активности итн...

Подрачја на промени, приоритети и цели

Приоритетни задачи во текот на учебната 2023/2024 година ќе бидат:

-Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
-Наставните планови и програми за основно деветгодишно образование
-Концепција за деветгодишно образование
-Статут на училиштето
-Програмата за работа на училиштето од учебната 2023/2024 год.
-Извештајот за финансиското работење на училиштето (користени записници од училишен одбор , наставнички совет).

Годишнатата програма е потреба и услов за создавање и обезбедување на основни претпоставки за успешно остварување на воспитно образовната дејност. Аналитичкиот приод од добиените заклучоци на стручните органи и тела во училиштето како и следењето промените во функционалното размислување, согледувањето и предлозите за подобрување на начинот на работа на наставно воспитниот процес од страна на сите субјекти во училиштето се одредуваат главните насоки и приоритети во новата учебна година.
Основната функција и суштина на програмата се состои во осмислување на дејноста на училиштето за учебната 2023/2024 година и се остварува селекција и конкретизација на дидактички елементи на воспитно образовната дејност(цел и задачи,содржини , форми ,методи и техники на работа и сл.), условите за работа во училиштето (опрема, стручен кадар, ученици и други потреби) како и динамика на реализација на задачите и активностите во текот на учебната година.

Приоритетните цели на кои се темели годишната програма за работа во учебната 2023/2024 г. ќе ги имаат следните суштински определби.
- да се изградуваат норми на објективност во вреднувањето и оценувањето ставајќи акцент на формативното и сумативното оценување
- почитување на етичкиот кодекс на однесување
- континуирано следење на редовноста на учениците и превземање на мерки за подобрување на истата
- континуирано следење на сите проекти во училиштето од страна на тимот
- да се посвети поголемо внимание на дидактички методската подготовка за реализацијаа на наставната програма
- реализација на програмата Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем со вклученост на сите еко стандарди
- реализација на нагледни часови на ниво на активи

- опремување на училиштето со неопходни современи наставни средства
- поголема соработка на училиштето со родителите и одржување на советување на родители.

Јазична писменост во почетните одделенија, следење и унапредување на наставата, формативно и сумативно оценување, описно оценување, следење и реализација на дополнителната, додатната, изборната настава и слободните ученички активности. Унапредување на работата на стручните активи, интензивирање на стручно усовршување на наставниот кадар преку семинари, советувања, работилници при што искуствата и знаењата од овие форми на усовршување ќе бидат пренесени и на останатите вработени во училиштето.Организирање и зголемување на обемот на училишни натпревари со цел правилна селекција на учениците за учество на повисок ранг на натпревари.

Продлабочување на соработката со родителите, локалната средина и бизнис секторот.

Акциони планови

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРИОРИТЕТ: Подобрување на квалитетот на додатна настава со цел поттикнување на учениците за учество на натпревари на знаења

7. План за евалуација на акциониот план

Критериум за успех

- Сите наставници навремено имаат изготвено годишни и дневни планирања за додатна настава
- Наставници имаат квалитетни годишни и дневни планирања
- Зголемен интерес и мотивација од страна на учениците за учество на натпревари
- Високи постигања ,освоени награди и одличен успех на сите ученици кои посетувале додатна настава

Инструменти

- Формулари: за увид во дневни планирања на додатна настава од следење на успех на учениците кои посетувале додатна настава

Индикатор за успешност

- Формулари, процедури
- Воспоставен систем за следење на планирањата на додатна настава - Квалитетни годишни и дневни планирања - Дневник на паралелка - Освоени награди на натпревари(дипломи, пофалници, сертификати...)

Одговорен за следење

Директор , Тим: Психолог, Педагог; Одговорни на активи: Џемиле Саити, Џелал Адемии и Светлана Стојановиќ.

Повратна информација

- Информации од увид во (дневник) дневни подготовки за додатна настава
- Информации од увид во следење на успех на ученици кои посетувале додатна настава
- Извештај и анализа од стручните соработници и тим

8. Календар за работа

- 8 Септември - Ден на независноста на РМ
- 11 Октомври - Ден на народното востание
- 23 Октомври - Ден на Македонската Револуционерна Борба
- 8 Декември - Св. Климент Охридски
- 1 Мај - Ден на трудот
- 25 Април - Втор ден Велигден
- 24 Мај - Св. Кирил и Методиј
- 19 Јануари - Богојавление (Водици)
- 22Април - Велики Петок, петок пред Велигден
- 21-ви Март - Ден на екологијата

ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР

16 септември	***Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка***
22 септември	***Меѓународен ден без возила***
26 септември	***Светски ден на чисти планини***
04 октомври	***Светски ден за заштита на животните***
08 октомври	***Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата***
15 октомври	***Светски ден на пешаците***
16 октомври	***Светски ден на храната***
17 октомври	***Меѓународен ден за образование на сиромашните***
08 ноември	***Меѓународен ден на урбаните животни средини***
27 ноември	***Меѓународен ден против потрошувачката треска***
29 декември	***Меѓународен ден на биодиверзитетот***

05 март	***Светски ден за заштеда на енергија***
21 март	***Ден на пролетта кога започнуваат активностите за заштита на околината***
21-28 март	***Денови на пролетта за заштита на околината***
22 март	***Светски ден за заштита на водите***
17 април	***Светски ден на здравјето***
22 април	***Светски ден на планетата Земја***
15 мај	***Меѓународен ден за заштита на климата***
24 мај	***Светски ден против пушењето***

9. НАСТАВА

Наставата во централно основното училиште „Кирил и Методиј“ с. Романовце и подрачно ОУ во с. Агино Село е основна и најважна воспитно-образовна компонента во учебната година, која влијае во остварување на целта на воспитанието и образованието преку развивање на образовната, компетентна, креативна и социјализирана личност,која своите стекнати основни знаења ќе може да ги надоградува и практично да ги применува во секојдневниот живот.
Бирото за развој на образование ни доставуваше насоки за планирање и организација во наставата.

Вид на настава

- Задолжителна настава по наставни подрачја и наставни предмети за ученици од прво до девето одделение.
- Изборна настава
- Дополнителна настава.
- Додатна настава.

- Индивидуилизирани програмаи за работа со надарени и талентирани ученици
- Индивидуилизирани програмаи за деца со посебни образовни потреби
- Проекти кои се реализираат во училиштето
- Употреба на ИКТ во наставата

Квалитет на наставните планови и програми

S Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала
S Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
S Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието
S Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програма.

Учење и настава

- Планирања на наставниците
- Поддршка и следење на планирањата на наставниците
- Индивидуални планирања на наставниците
- Размена на искуства и информации при планирањето
- Распоред на часови

Наставен процес

- Наставни форми и методи
- Избор на задачи, активности и ресурси
- Интеракција меѓу наставниците и учениците
- Приодот на наставникот кон учениците
- Следење на наставниот процес

Искуства на учениците од учењето

- Средина за учење
- Атмосфера за учење
- Поттикнување на учениците за преземање одговорност
- Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето

Задоволување на потребите на учениците

- Идентификување на образовните потреби на учениците
- Почитување на различните потреби на учениците во наставата

Оценувањето како дел од наставата

- Училишна политика за оценување
- Методи и форми на оценување
- Користење на информациите од оценувањето во наставата
- Известување за напредокот на учениците
- Известување на родителите за напредокот на учениците

Организација на задолжителна настава

Министерство за образование и наука согласно законот на учебници за основно и средно образование за сите ученици во Република Северна Македонија обезбедија бесплатни учебници за секое дете, со обврска на крајот на учебната година комплетот кои ученикот го добива, да го врати во училиштето неоштетено,а доколку е оштетен должни се родителите односно старател да извши плаќање на истите 75% од каталошка вредност на учебниците.

Во воспитно образовниот процес во настава на македонски јазик во централно училиште наставата во второ и трето како и во четврто и пето одделение наставата се одвива во комбинирана паралелка.

Реализација на наставните планови и програми

- Применувани наставни планови и програми
- Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми
- Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби
- Избор на наставни предмет
- Реализација на проширени програми

Изборна настава

Согласно законот за основно образование а во врска со изборните предмети за учебната 2023/2024, училиштето преку анкетирање известување на родители и ученици дадена листа за понудени изборни предмети во секое одделение за родители и ученици.
Изборот беше личен и се изврши избор на предмети кои ќе бидат застапени во учебната 2023/2024 година.

Во трето,четврто и петто одделение изборен предмет е Работа со компјутери. Во шесто одделение во ООУ„Кирил и Методиј“, с.Романовце во настава на македонски јазик е избран предметот Класична култура и европска цивилизација, во седмо одделение е избрано Нашата таковина, во осмо одделение е избрано Истражување на родниот крај, во деветто одделение е избрано Животни вештини.

Во паралелки на албански наставен јазик во шесто одделение е избрано Етика на религија,во седмо е избрано Вештини на живеење, во осмо одделение е избран Воспитание за околината и проекти од информатика и во девето одделение е избрано Унапредување на здравјето.

Во подрачно училиште во с. Агино село во шесто одделение е избрано Класична култура и европска цивилизација, во седмо одделение е избрано Нашата татковина, во осмо одделение е избрано Проекти по информатика и во деветто одделение е избран предметот Програмирање.

Дополнителна настава

Согласно Наставниот план и Програма за основните училишта, училиштето е задолжено да организира редовно следење на учениците во совладување на наставните содржини. За учениците кои заостануваат во совладување на материјалот се организираат дополнителни часови.

Дополнителната настава се организира за оние ученици што не се во состојба да го следат ритамот и организацијата на наставниот процес. Организацијата и содржината на воспитно - образовната работа со оваа категорија ученици се разликува од организацијата и содржината на настава за ученици кои нормално ја следат и совладуваат наставата.

Дополнителната настава треба да се организира само од наставни предмети по кои ученикот не може да постигне успех без помош и по одделни предмети има слаби оценки, како и за ученици кои сакаат да добијат подобри оценки.

Содржините за дополнителната настава, главно се специфични за секој ученик. Во овој вид настава се применуваат пред се индивидуални форми на работа, работа на тандеми и во микро групи, а поретко се користи фронталниот облик на работа.

Дополнителната настава се организира и по завршување на наставната година за оние ученици што не ја совладале програмата од

одреден предмет, под услов да на крајот на годината им останале две негативни оценки.
Дополнителната настава во оваа учебна година ќе се организира во моментот кога кај одредени ученици се појавуваат негативни оценки без разлика на предмет и одделение.

Дополнителната настава се изведува во работните денови како последен час во наставата.

- Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои во текот на задолжителната настава и низ другите видови на воспитно-образовната дејност покажуваат зголемен интерес и склоност за оддредени наставни предмети и поседуваат потенцијали, способности и можности за стекнување на продлабочени знаења од односната наставна дисциплина. Додатната настава се организира за ученици од V до IX одделение но таа може да се организира и за ученици од IV одделение.

Идентификација на учениците кои покажуваат зголемен интерес по одделни наставни предмети врши предметниот наставник, училишниот педагог, психолог и другите наставници кои имаат можности да го согледаат интересот на ученикот. Фондот на часовите за додатната настава ќе ги одреди Наставничкиот совет врз основа на Наставната Програма и Планот, како и степенот на развиеноста на училиштето.

Исто така им се дава голема подршка идентификација на учениците со тешкотии во учењето, а на надарените ученици кои напредуваат им се дава големо внимание на воспитните функции и воннаставните активности каде во дополнителна ,додатна и слободни ученички активности, учениците со своите постигнувања учествуваа во општинск и и регионални натпревари и освоија неколку награди.

Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат,но талентот ученикот го носи во себе,а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој,како и да го подржи талентираниот ученик.

Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон оспособување на учениците за самостојно учење , развивање на критичкото

мислење и креативните способности , како и нивно оспособување за користење методи и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија за проблемски ситуации.

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно). Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност. Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:

-индивидуализација во наставата со учениците;
-групна настава за учениците со приближно исти способности ;
-додатна настава -проектни активности;
-слободни ученички активности;
-организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;
-организирање креативни работилници .

Училиштето ќе организира разни смотри и натпревари од разновидни активности во кои ке се ангажираат наставниците и учениците.Сето оваа се планира доколку дозволат епидемиолошки услови. Натпреварите и смотрите може да бидат организирани во самото училиште, општината, регионот и пошироко.

Смотрите и натпреварите имаат репрезентативно - стимулативен карактер преку кои учениците се стимулираат за постигнување посолидни резултати со кои резултати се информира и пошироката јавност. Ова форма на работа е блиска до наставно - воспитниот процес бидејки произлегува и се надоврзува на него.

Заради тоа е побогата со содржина и бројот на предвидените часови, бидејки произлегува од наставата и слободните ученички активности. Содржината на работата во училиштето на овие форми на јавната и културна дејност се :

1. Натпревари по предмети во одделението.
2. Натпревари по интерно објавени конкурси во чест на патрониот празник и други празници во републиката.
3. Натпревари распишани од други институции.
4. Организирање на квиз на знаења во училиштето.
5. Натпревари во училишни хорови.
6. Натпревари во училишни оркестри.
7. Спортски олимпијади и натпревари.
8. Квиз на знаења.
9. Учество на сите други наградни конкурси и манифестации организирани од страна на Бирото за развој на Македонија,

ИНКЛУЗИВНОСТ

Инклузивноста на основното образование е основна претпоставка за остварување на правото на децата на образование според Конвенцијата на правата на детето на ОН и на уставното право и обврска за основно образование за секого загарантирано со Уставот на Република Северна Македонија. За да се овозможи образование достапно на секого под еднакви услови, основното образование е осмислено и организирано така да обезбеди запишување, вклучување и завршување на основното образование на сите деца
Суштинска инклузивност се обезбедува преку вклученост на сите ученици во сите активности на училиштето соодветно на нивните способности, потреби и интереси. Тоа е овозможено со понуда на различни изборни предмети и со прилагодување на воннаставните активности на можностите на сите деца од училиштето.

Инклузивност се обезбедува и преку активно учество во наставата и воннаставните активности и овозможување секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди од страна на наставниците (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка), а кога е потребно и работа според индивидуален образовен план или модифицирана наставна програма и/или обезбедување дополнителна поддршка од други лица
Инклузивност се обезбедува и преку создавање училишна клима во која сите ученици се чувствуваат прифатени и поддржани. Со цел да се заштитат, пред сѐ, учениците со посебни образовни потреби, во училиштето се реализираат програми за заштита од насилство и од дискриминација, за личен раст и развој, за помош и поддршка на ученици од социјално ранливи групи и се настојува на нивно максимално вклучување во училишниот живот. Во ова, покрај наставниците, значајна улога имаат и стручните соработници во училиштето.
Во инклузивното училиште, преку работењето на инклузивните тимови, систематски се следи напредувањето на сите ученици, се води грижа ниту едно дете да не заостанев и сите ученици да постигнат високи резултати согласно индивидуалните капацитет

Инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку зголемвање на учеството во учењето, во училиштето и во заедницата. Тоа вклучува модифицирање на образовните содржини, приоди, органи- зација и стратегии за да се овозможи квалитетно образование за сите.
Инклузивното образование подразбира дека сите деца, без оглед на нивните посебности, се вклучени и се прифатени. Инклузивното образование посебно внимание обрнува на вклучување на оние деца што може да бидат маргина-

лизирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие, без оглед на нивните потенцијали или слабости во некои области, се вклучуваат во редовните одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во животот на училиштето.

Улогата на училишниот инклузивен тим е систематски да работи на прашања поврзани со инклузијата и на воспоставување на процедури во решавање на проблемите .

Улогата на училишниот инклузивен тим е систематски да работи на прашања поврзани со инклузијата и на воспоставување на процедури во решавање на проблемите

комисии во училиштето, чија работа, на некој начин, е поврзана со инклузијата (на пр. со тим за меѓуетничка интеграција, за работа со надарени, самоевалуација, за развојно планирање и сл.). Составот на училишниот инклузивен тим генерално е определен со закон и се однесува на конкретен ученик: I... училиштето формира инклузивен тим составен од педагогот, односно психологот во училиштето, наставникот на ученикот, родителот, односно старателот на ученикот, дефектологот, доколку има во училиштето и, по потреба, може да се вклучи и лекарот на ученикот.

Меѓутоа, тоа треба да се сфати како минимален состав на УИТ.

Во ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце како и во ПОУ с.Агино Село има ученици со потешкотии во развој. Тоа се вооглавно ученици на кои им е потребно работа со логопед. Сите овие ученици од страна на педагошко-психолошка служба се упатени во центарот за ментално здравје во Куманово, и за тие ученици имаме добиено наод и мислење од страна на тим на стручни лица. Тоа се воглавно мислења кои истакнуваат дека кај учениците нема потешкотии во развојот , но е потребно работа со логопед, постои едукативна запоставеност каде што е потребно индивидуален пристап со ученикот, поголема индивидуална работа со ученикот, како и прилагодување план и програма според способностите на ученикот.

Ваквата работа ќе продолжи и оваа учебна година.

Зајакната е грижата за образованието на учениците со посебни образони потреби со создавање на подобри услови за училиштата за нивното интегрирање во редовната настава, поголема соработка со родителите и индивидуализирана настава.

Воспоставување систем за следење на квалитетот на учебниците и другата литература што се користи во училиштата

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно - консултативен разговор со неговите родители, за што се

приложува и медицинска потврда (наод и мислење) од компетентни институции. Психолог и педагог во континуитет соработува со наставниците и работи со овие деца како би се создала што подобра клима за нивна инклузија.
Групата деца со кои работи стручниот тим се формира врз основа на наод / мислење од Центарот за ментално здравје, при што се наведува и видот на попреченост.
Наодите се земаат во предвид и кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со диференциран пристап. Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот образовен план и целите во диференцираниот пристап.
Се поттикнува инивидуален напредок согласно индивидуалните способности на овие ученици.

Програма за работа на училишниот инклузивен тим

ООУ„Кирил и Методиј“с. Романовце

Активности	Цели	Задачи	Носители	Очекувани исходи	Време на реализација
1.Подготовки на наставниците - глобално и тематско планирање на наставната програма за реализирање во учебната 2023/2024 година.	Наставната работа да се приспособи на развојните и индивидуалните потреби и достигнувања на учениците, согласно со научните сознанија за разликите во развојот на деца.	Наставници УИТ	Во планирањата, наставната програма е приспособена кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците. *Се планираат разно- видни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа.	Во планирањата ,наставната програма е приспособена кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците. *Се планираат разновидни техники и стратегии во реализацијат	Август - септем-ври 2023 година.

				а на наставната работа.	
2.Идентификување на надарените и талентираните ученици, изготвување на програмата за додатна настава	Да се идентификуваат надарени и талентирани ученици/идентификација на типот на успешност. *Да се планира додатна настава согласно потребите и интересите на НТ ученици	*Идентификување на карактеристиките за учењето. *Идентификување на творечките карактеристики. *Препознавање на мотивационите карактеристики. *Идентификување на социјалните карактеристики. *Изготвување програми за додатна настава	УИТ, наставници	*Идентификувани се учениците со општа надареност за одделни области. *Идентификувани се учениците што се талентирани за одделни области. *Изготвени се нацрти на програми за додатна настава	Септември - октомври 2023 год.
3. Планирање на програмата за дополнителна настава	*Да се обезбеди помош за ученици што имаат тешкотии при совладување на наставниот материјал во редовната настава - помош за надминување на тешкотиите.	Приспособување на содржините од наставниот материјал за надминување на тешкотиите во учењето. *Приспособување на наставната работа кон индивидуалните	Наставници, УИТ.	Направена е првична идентификација на ученици со тешкотии во учењето. *Изготвени се основи за планирање на дополнителната настава по предмети и по одделенија.	Септември - октомври 2023 год

		потреби на учениците.			

Активности	Цели	Задачи	Носители	Очекувани исходи	Време на реализација
4.Насоки за изготвување на ИОП и пополнување на потребните обрасци.	Да им се помогне на наставниците во целосно разбирање на инклузивното образование и наставниците да се оспособат за изготвување ИОП.	Консултативни средби, дискусии и интерни обуки.	УИТ, наставници	*Зголемен е бројот на наставници што знаат да изготвуваат ИОП. *Изготвени се ИОП-и за сите ученици за кои е утврдено дека е потребно. *Подобрено тимско работење на наставниците.	Август - септември 2023 година.
5.Работилници со родители.	*Родителите да бидат информирани за инклузивното образование и за инклузивноста на училиштето.	Одговор на прашањата: *Со кои предизвици за инклузијата треба да се справуваме? *Како треба да работиме за да ја постигнеме целта? *Што претставува тимот за инклузија во училиштето?	УИТ, наставници.	Зголемен е бројот на родители што го прифаќаат инклузивното образование. *Зголемен е бројот на родители што се обраќаат до УИТ.	Септември - јануари 2024 година.

		*Како родителите можат да придонесат за развој на инклузивното образование во заедницата?			
6.Поддршка на наставниците во идентификување (детектирање) на наставните потреби за децата.	Наставниците да ја сменат парадигмата од идентификување на „посебни потреби“ кон идентификување на потребите на децата за учење и кон пристап што се фокусира на идентификување (детектирање) на тешкотиите при учењето	Консултативни средби	УИТ	*Зголемен е бројот на наставници што умеат да ги идентификуваат и да им излезат во пресрет на специфичните тешкотии во учењето на учениците.	Во текот на учебната година.
7. Поддршка од учениците - работилница со членови на училишната заедница.	*Да се обезбеди ученичка поддршка за учениците со ПОП.	Работилница	УИТ; наставници	*Зголемен е бројот на ученици што во наставата и надвор од неа им помагаат на учениците со тешкоти во учењето.	Во текот на учебната година.

Активности	Цели	Задачи	Носители	Очекувани исходи	Време на реализа ција
8.Следење и идентификување на деца што имаат потреба од дополнителна настава.	*Да се користи дијагностичко проверување на почетокот на учебната година. *Учениците формативно да се оценуваат.	Изработка на насоки и инструмент и за водење белешки, собирање изработки, за евалутивни и за чек-листи и др	Наставници, УИТ.	Навремено се идентификувани учениците со тешкотии при совладување на наставниот материјал во редовната настава. *Зголемен е бројот на ученици што успешно ги совладуваат содржините од приспособената наставна работа конкретните индивидуални потреби.	Во текот на учебната година
9.Неформални средби со наставниот и друг кадар и разговор по поединични прашања или тешкотии.	Да се зголеми соработката помеѓу кадарот во училиштето и да се договараат заеднички и индивидуални активности.	Размена на идеи, предлози, мислења, консултации.	УИТ	*Зголемен е бројот на наставници што добиле поддршка од УИТ.	Во текот на учебната година.

10.Средби и консултации со стручни лица надвор од училиштето.	Да се добие дополнителна стручна помош и поддршка. *Да се разменуваат искуства и идеи, како и соработка во активности по определени содржини.	Средби, договарања, консултации и др.	УИТ	Унапредување на инклузивното образование и на воспитно-образовниот процес.	Во текот на учебната година.
11. Извештај за работата на УИТ.	Да се сумира реализацијата на активностите и ефектите од работата на УИТ и на инклузивното образование во училиштето.	*Самоевалуација на инклузивноста на училиштето и работењето на УИТ. *Финализирање на инклузивното училишно портфолио за учебната година. *Сумирање на активностите на УИТ. *Рефлексија на работата на УИТ.	УИТ	*Документирана е работата на УИТ. *Направена е анализа на работата на УИТ. *Формулирани се предлози за работа за наредната година.	Јуни 2024 год.

Проекти кои се реализираат во училиштето

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повелкувеет реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата.
Во нашето училиште се рализират следните проекти:

- Проект за етничка интеграција на млади во образование(МИМО)
- Проект за изградба на нова училишна спортска сала.
- МИО проект од I до IX одделение
- Намалување на насилството во училиштата - Стоп насилство;
- Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем; ЕКО стандарди.
- Проект безбедно училиште
- Мал грант - УСАИД едукативен аспект ученици од I до IX одделение
- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието во општините.
- Основни приоритети во училиштето се канализација од дворно вц до главна канализација.
- Рушење на стара зграда поради сигурност за учениците
- Во Агино село поставување на нова ограда
- Во подрачно училиште замена на врата и прозорци и комплетна реконструкција на училиштето

Употреба на ИКТ во наставата

Употреба на ИКТ во наставата Во нашето училиште редовно се применува ИКТ во наставата со цел подобрување на квалитетот на истата. Секој наставник одделно во своите годишни и тематско-процесни планирања е задолжен да планира и реализира ИКТ содржини и во учебната 2023/2024 година.
Модерното образование треба да биде така организирано учениците да можат солидна информатичка писменост и култура. Прво и главно место на кои учениците треба да стекнуваат основни знаењаод областа на информатика е основното образование,чии наставни планови и програми
треба да го следат трендот на информатички знаења.
Затоа во основните училишта е воведено нов модел на насатва и учење со користење на ИКТ.
Со примената на ИКТво наставата учениците се учат како да се движат низ интернет. Ги откриваат безбројните ресурси корисни во секојдневната настава (ги бараат,складираат,организираат евалуираат информациите што ги наоѓаат, а на тој начин стануваат дел од глобална заедница на едукатори кои комуницираат и соработуваат со помош на ИТ.

Исто така примената на ИКТ наставниците ја интегрираат технологијата во своите училница,прават вебсајтови-лични,за својот за предметото кои наставникот ги предава и проектите кои ги работи.

Учениците со примената на ИКТ наставата имаат големи придобивки и тоа;-

Соработка со врсници од целиот свет

Работа во група

Размена на идеи и ставови

Поврзување на свое знаење со реалниот свет

Мотивација и интерес во наставата

Да креираат,планираат,презентираат,дискутираат и го бранат своето мислење и своите ставови

10. ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето е значајна компонента на наставниот процес негова основна цел е да го поддржува учењето на учениците и да придонесе за достигнување на очекуваните резултати. Што и како ќе учат учениците во голема мера зависи од тоа што и како оценуваат наставниците. Истовремено, самото поучување, освен од очекуваните резултати од учењето пропишани со наставните програми, во голема мера зависи од тоа како учениците напредуваат во учењето, што се утврдува преку постигањата утврдени со оценувањето. Тоа го прави оценувањето составен дел на сите видови планирања кои ги прават и училиштата и наставниците.

При планирање на поучувањето секој наставник вклучува елементи на оценување: од следење на напредокот на секој ученик, преку користење на различни методи за формативно оценување со или без вклучување на учениците, до определување на методите и инструментите за сумативно оценување. Резултатите од оценувањето кои ги добива во текот и по поучувањето наставникот ги користи за да го вреднува сопственото поучување и сознанијата до кои ќе дојде потоа ги вградува во следното планирање на наставата.

Оценувањето е насочено кон постигање и проверка на степенот на постигнатост на пропишаните стандарди за оценување кои се содржани во наставните програми. За учениците да можат да прикажат што и колку постигнале, при оценувањето се користи широк дијапазон на постапки и методи (како, на пример, есејски задачи, тестови, квизови, проблемски задачи, проекти), а на учениците им се дава можност да ги прикажат своите постигања преку пишани продукти, практични продукти, усни презентации, изведби и др. Притоа, се внимава начинот на проверка да биде што е можно повеќе сообразен со соодветниот стандард за оценување и истовремено, постигнатоста на стандардот да биде оценуван со користење на различни

методи. На тој начин се обезбедува поголема сигурност во заклучувањето за тоа дали и во која мера некој стандард е постигнат.
Училиштата имаат јасно поставен систем за информирање на учениците и родителите во врска со методите кои се користат при оценување, со стандардите и критериумите за оценување, со принципите на почитување на приватноста и дигнитетот на учениците и родителите, како и со подготвеноста за давање дополнителни информации.

Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди: Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки.

На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки а на полугодие и на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки. На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат план за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката.

Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни тематски и процесни планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...)

- Постигања на учениците

- Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди
- Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)
- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби
- Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава

-Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование

Задржување/осипување на учениците

- Опфат на учениците
- Редовност во наставата
- Осипување на учениците
- Премин на ученици од едно училиште во друго

Застапеноста на предметите во наставата по одделенија и неделен фонд часови за секој предмет, е утврден со Наставниот план а целите и задачите на содржината на наставата по одделени наставни предмети се определени со Наставната програма.

Цел: Подобрување на континуитетот на оценувањето

Задачи активности	Реализатори	Целна група	Ресурси	Инстрименти	Следење Повратна Информација	Временска рамка	Критериуми за успеех
Креирање, подршка и промоција на училишниот о планирање на оценувањето	Стручен тим	Наставници Совет на род. УО и ученици	Струч. Материјали Од ПЕП Закон на ОО и училишни програми	Извештаи од Евалвација чек листи Информатион	Извештаи записници	Август - Септември	Реализирани средби Добиена поддршка
Следење на процесот на оценувањето	Директор Стручни соработници	Наставници (одделенска и предметна настава)	Учи. планирана оценувањето планирање наставниците,	Анегдотски и Белешки чек листи	Извештаи	Континуирано	Реализирани посети, изработен извештај констатации

			документи и гр. на ученици				
Примена на ставот на наставниците кон оценувањето	Директор Стручна сл. Координатор на ПЕП	Наставници	Училиш. програма Закон на О.Образование Материјали од семинари примери од други земји	Анкетни листови чек листи Интервју, Дебата	Извештаи со Анализа и констатации	Прво тромесечје	Извештаји со Констатации и За променет став кон Оценувањето
Вреднување на конинуитетот во оценувањето	Директор Стручен соработник Наставник во оу	Наставниците	Планирање, Тематско, Дневни на наставницит	Анегдотски и Белешки чек листа, Скала на проценка Портфолио за наставници	Пишани повратни информации	континуирано	Подобрување на оценувањето

Цел: Подобрување на континуитетот на оценувањето

Задачи активности	Реализатори	Целна група	Ресурси	Инстрименти	Следење Повратна Информација	Временска рамка	Критериуми за успеех

Креирање подршка и промоција на училишниот планирање на оценувањето	Тим за оценување	Наставнички Совет Училишен Одбор Совет на родители и ученици	Анализа на состојбата идеи и дополнувања на нацрт визијата Стручни матер.од семинар Материјали од МОН	Анкетни листи За наставници родители и ученици чек листи	Нацрт верзијата на училишното планирање	Август 2023 год.	Усвоено училишно планирање на оценување квалитетно училишно планирање
Следење на процесот на оценувањето	Директор Стручни соработн	Наставници (одделенска и предметна наст	Учи. планира на оценувањето планирање на наставниците, документи и гр. на ученици	Анегдотски Белешки чек листи	Извештаи	Континуирано	Реализирани посети, изработен извештај констатации
Анализа на податоците од следењето на оценувањето	Директор Стручна сл. Координатор Претседатели на стручни активи	Наставници	Училиш.прог. Закон на О.Образование Материјали од семинари примери од други земји	Статитичка обработка на податоците	Изготвена анализа на податоци, Презентирање на анализа пред советот на родителите, нас совет	јануари-јуни 2024	Подобрен континуитет на оценувањето

Придобивки од ваквиот начин на оценување се следните;

- Стандардите и критериумите ке овозможат поголема соработка и разбирање меѓу наставниците и стручниот тим во училиштето.
- ја подобрува примената на стандардната терминологија и развивањето на постапките и како тие треба да бидат применувани во училиштето.

- помага да се усогласи оценувањето меѓу наставниците
- ја олеснува размената на информациите меѓу наставниците во врска со учењето на учениците.

Тим за следење, анализа и подршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување.
За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибираат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи .
Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад.
При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата - оцените. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.
За подобрување на објективноста во оценувањето во училиштето на крајот од годината ќе се врши анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците во оценувањето добиени од екстерното тестирање.

Училиштето како институција дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници.

Самоевалуација на училиштето

Согласно законот за Основно образование училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години.
Самоевалуацијата се спроведува во три фази:
-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди , се подготвуваат поединечни

извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапноста на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација). Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Оваа учебна година согласно Законот за основно образование и Правилникот за начинот и областите за вршењето на самоевалуација на основните училишта ќе се спроведе самоевалуација на работата во училиштето.
Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој.

Воннаставни активности

Секции и слободни ученички активности

Слободните ученички активности се состевен дел на Програмата за работа на училиштето и се остварува преку организирање на воннаставните активности. Тие се организираат и изведуваат со однапред планирани содржини. Слободните ученички активности покрај останатите воспитно-образовни компоненти се организираат со цел да ги задоволат желбите и интересите на учениците од училиштето. Преку слободните ученички активности се создаваат можности учениците да се определат за активност према својот афинитет.

Слободните ученички активности се организираат во областа на науката,техниката,уметноста спортот и екологијата преку работата на секциите во училиштето.
Определувањето на учениците во секции и организирање на слободните ученички активности доминантно место имаат следниве принципи :

1. Принцип на слободно определнување.
2. Принцип за задоволување на личните желби и интереси.
3. Принцип за почитување на личноста на ученикот.
4. Принцип за колективна работа и взаемно разбирање.

За сето ова се води сметка за условите на училиштето, стручноста и склоноста на наставно-воспитниот персонал, за рамномерна оптовареност

на учениците, а пред се за рамномерна опфатеност на сите видови активности.

Во училиштето се предвидуваат да работат слободните активности и тоа:

1. слободни активности за проширување на знаењата по предмети,
2. слободно- културно уметнички активности,
3. слободно-технички активности
4. слободно работни активности и
5. слободно спортски активности

1.Слободни ученички активности за стекнување на знаења се организираат по следните наставни предмети:

1. Литературна секција
2. Млади математичари
3. Библиотекари
4. Млади историчари
5. Млади географичари
6. Млади хемичари
7. Млади биолози
8. Млади физичари
9. Љубители на англиски јазик

2.Слободно културно-уметнички активности

1. Рецитаторска-драмска
2. Вокално - инструментален состав
3. Љубители на музиката
4. Работно-производн и активности

2. Екологија во училитето

4.Слободни-спортски активности

1. Атлетика
2. Кошарка
3. Ракомет
4. Мал фудбал

СО ЗАШТИТУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА КОЈА НЕ ОПКРУЖУВА ЈА ЗАШТИТУВАМЕ ЦЕЛАТА ПЛАНЕТА !



ЕКО стандарди

Ученички натпревари

Училиштето ќе организира разни смотри и натпревари од разновидни активности во кои ќе се ангажираат наставниците и учениците. Натпреварите и смотрите може да бидат организирани во самото училиште, општината, регионот и пошироко.

Смотрите и натпреварите имаат репрезентативно - стимулативен карактер преку кои учениците се стимулираат за постигнување посолидни резултати со кои резултати се информира и пошироката јавност. Ова форма на работа е блиска до наставно - воспитниот процес бидејќи произлегува и се надоврзува на него.

Заради тоа е побогата со содржина и бројот на предвидените часови, бидејќи произлегува од наставата и слободните ученички активности. Содржината на работата во училиштето на овие форми на јавната и културна дејност
се :

1. Натпревари по предмети во одделението.
2. Натпревари по интерно објавени конкурски во чест на патрониот празник и други празници во републиката.
3. Натпревари распишани од други институции.
4. Организирање на квиз на знаења во училиштето.
5. Натпревари во училишни хорови.
6. Натпревари во училишни оркестри.
7. Спортски олимпијади и натпревари.
8. Квиз на знаења.
9. Учество на сите други наградни конкурси и манифестации организирани од страна на Бирото за развој на Македонија,

Општествено хуманитарни работи

Согласно својата воспитно-образовна функција училиштето организира активности кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците, родителите и поширокаата заедница. Општествено хуманитарната работа има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика за одржување на чиста и здрава околина, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато.

Акционен план за општествено-хуманитарна работа

цели	**содржини и активности**	**реализатор**	**време**	**очекувани ефекти**
Креирање на политика за спроведување активности поврзани со општествено хуманитарна работа во училиштето	-Формирање на тим за општествено-хуманитарна работа - Изготвување на годишна програма за работа на тимот	Стручни соработници Одд. наставници Одд.раководители	Август	Успешна реализација на планираните активности
Откривање и грижа за учениците од социјално загрозените семејства	Соработка со релевантни институции	Стручни соработници Одд. наставници Одд.раководители	Октомври	Преглед и евиденција на учениците од социјално загрозените семејства
Континуирана поддршка на учениците од социјално загрозените семејства	-Организирање собирни хуманитарни акции за учениците од социјално загрозените семејства(облека и парични средства)	Директор Одд. наставници Одд.раководители Стручни соработници	Во тек на годината	Подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците
Вклучување на сите вработени и ученици во активностите за одржување и уредување на просторот во училиштето и училишниот двор	-Садење садници - Отстранување на сметот -Собирање стара хартија, пластика...	Директор Одд. наставници Одд.раководители Стручни соработници Ученици	Во тек на годината	-Чиста и здрава околина - Поголем интерес за собирање на материјали за рециклирање

Вклучување на локалната заедница,стопанските и производствени субјекти и родителите на учениците	Учество на локалната заедница, компаниите и родителите во активностите од општествен и хуманитарен карактер	Директор Стручни соработници Одд. наставници	Во тек на годината	Развиени чувства за одговорност и солидарност Почит кон општествената сопственост
Одбележување на значајни настани, празници и јубилеи и организирање хуманитарни акции	Организирање манифестации	Директор Одд. наставници Одд.раководители Стручни соработници Ученици	Во тек на годината	Развиена свест за значењето на општествено хуманитарната работа

Критериум за успех: Подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците, развиени чувства за одговорност и солидарност кај учениците, почит кон општтвената сопственост Иструменти: анкети, листи за евиденција, извештаи и анализи Индикатор за успешност: изготвени и реализирани планови, собрани материјални и парични средства, собран пластичен материјал за рециклирање,
Одговорен за следење:Тим,одговорни наставници на ПЦК во училиштето, хаусмајстор Повратна информација: извештаи од спроведени хуманитарни акции и манифестации Тим за поддршка: директор, стручна служба и наставници.

11. Подршка на ученици

- Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад. Постигањата според полот се следат врз основа на позитивни / негативни оцени, одлични, многу добри, добри, доволни и ученици со слаби оцени.

Со цел подобрување на резултатите во постигањата на учениците училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Секој

наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми , според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. Еден од двата приоритети на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година е подобрување на квалитетот на додатната и дополнителната настава.

Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал. Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа . Училиштето посветува особено внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците и тоа им го овозможува , како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Превентивни програми(насилство,болести на зависност,асоциално однесување,соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се : МВР ,Центарот за социјална работа ,дравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците.

Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Во соработка со родителите како и преку соработка со релевантни институции во поблиската и поширокота околина ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците. Училиштето учествува во проектните активности на МВР Безбедност во училиштата.

Во соработка со здравствените установи училиштето води грижа за навремено вакцинирање на учениците, согласно календарот за имунизација, како и за грижа за оралната хигиена.

Безбедност во училиштето

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста).

13.Грижа за здравјето

Хигиена во училиштето:

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво.

Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите.

Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства.Во тоалетите редовно има тоалетна хартија и течен сапун.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два -три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува .Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно.

Еднаш месечно се чистат, бришат , полираат дрвените и стаклените површини, врати , прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

Систематски прегледи

Целта на здравствената заштита и здравственото воспитување во основнто училиште е изградување на здрава личност способна да се грижи за своето здравје и за здравје на своето семејство, поблиската околина и заедница. Задачите на оваа подрачје во оваа учебна година ке се реализираат преку следните подрачја:

1. Во училиштето да се создадат оптимални услови на поставената програма од грижа за здравјето на учениците што ке придонесе за унапредување на здравјето и нивниот психофизички развој.

2. Да се зголеми обемот на знаењата и формирање на позитивни здравствено-хигиенски навики и ставови кај учениците.

3. Вклучување на семејството, потесната и поширока заедница во реализирање на програмата за здравствена заштита и здравствено просветување.

4.Училиштрето посебно ќе води грижа за менталното и емоционално здравје на учениците со вклучување на нивните родители.

За остварување на поставените цели и задачи од оваа подрачје, училиштето ке ги организира следните дејности:

1. Редовни лекарски прегледи.

2. Организирање на лекарски интервенции и лекарски превентивни мерки.

3. Прегледи, лекувања, изолација на болни.

4. Вакцинација на ученици.

5. Превземање на против епидемиолошки мерки за заштита од грип.

6. Превземање на против епидемиолошки мерки за заштита на забите.

7. Превземање и сузбивање на други заразни болести и вошливост.

8. Информирање за штетните последици од наркоманијата.

9.Организирање на работилници за справување со стресни и трауматски доживувања,препознавање на постстресни реакции кај децата и превземање на понатамошни стратегии.

- Систематски прегледи:

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ- Школска медицина-Куманово Стоматолошка ординација-ЈЗУ-Куманово.

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, Vодд, VII одд и IX одд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). -Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забите, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се водат во ЈЗУ Куманово со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

Вакцинирање на ученици

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во амбулантата и училиште, во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. - I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина МРП (морбили, рубеола, паротит) - II одд и III одд - ревакцина ДТ Полио (дифтерија, тетанус) и тестирање манту за ТБЦ .
По добиените резултати од проверката следи вакцина. - BII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените , а за девојчињата ХПВ-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза. - IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

-Едукација за здрава исхрана:

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и работилници: Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна. За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана

14. Училишна клима и односи во училиштето

- Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу

сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште.Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

Акционен план за подобрување на училишната дисциплина

Активност	Задача	Носител на активноста	Време на реализација	Очекувани ефекти
Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени	Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор	Директор Одговорен наставник за распоред на часови	На почетокот на учебната година	Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор
Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на УЗ	Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето	Одговорните наставници на Училишната заедница и претседателите на УЗ на паралелките	Во текот на учебната година	Соодветно однесување од страна на учениците
Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница	Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на	Одделенските раководители и учениците	Во текот на учебната година	Развиена свест и одговорност за сопственото однесување

поврзани со дисциплината на учениците	соучениците			кај учениците и вработените

Критериуми за успех - намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците

Инструменти - писмена евиденција од дежурства на наставниците , евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници Индикатор за успешност

- намален број советувања на ученици и родители Одговорен за следење - директор, одделенски раководители, стручни соработници

Повратна информација

-подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата

-почитување на правилата на однесување во училиштето

-намален број на изречени педагошки мерки за учениците

-намален број на повикани родители на советување

-одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процес.

По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за учество на учениците во естетско уредување на просторот во училиштето. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Активност	Задача	Носители на активноста	Време на реализација	Очекувани ефекти
Изложување творби во училиштето изготвени од страна на учениците	Одбележување значајни датуми и поводи	Наставниците и учениците	На почетокот и во текот на целата учебна година	Прикладно одбележани значајни датуми и поводи
Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето	Поттикнување на учениците за творење	Одговорни наставници ученици	Важни датуми и поводи во текот на учебната година	Естетско уредени училници и ходници во училиштето Развиени естетски вредности кај учениците
Креативни изработки од страна на учениците во рамките на проектите еколошка едукација во македонскиот образовен систем.	Да се развива еколошка свест и претприемачки вештини кај учениците	Наставници Ученици родители	Во текот на учебната година	Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите
Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор	Хортикултурно уредување на училишниот двор	Одговорни наставници и учениците	Октомври - март	Развиена еколошка свест кај учениците

Критериуми за успех - естетски уреден ентериер и опкружување
Инструменти -анкетни прашалници за родителите и учениците
Индикатор за успешност - позитивни искази од ученици и родители и од локалната заедница

Одговорен за следење - директор,тим за еколошка едукација.

Повратна информација

- естетско уредени училници и ходници во училиштето;
- развиени естетски вредности кај учениците;
- функционалност на просторот и пријатен претстој во училиштето;
- развиена еколошка свест кај учениците

Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти (вработени, ученици и родители).Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат.

Такви се:

- Етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците;
- Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;
- Разгледан и усвоен е и Етичкиот кодекс за тестирањето, а изготвен и прифатен е и Еко-кодекс .

Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

Мултикултурализам

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивно и праведно кое препознава дека целото е богато со многу составни делови. Мултикултурното образование ги вклучува следниве пет димензии:

(1) Интеграција на содржина;
(2) Процес на создавање знаење;
(3) Намалување на предрасудите;
(4) Педагогија на праведност и
(5) Поттикнувачка училишна култура и структура.

Во училиштето наставата се одвива на македонски и албански јазик . Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето

ќе се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои ќе бидат вклучени сите ученици од 1 до 9 одделение.

Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население , претставници од општината и од бизнис секторот. Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност.

Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници.

На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници. Училиштето учествува во модел училишта на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти. Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ„Гоце Делчев“ Свети Николе и со ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ с.Драгоманце. Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку спортски активности, посети на културни и образовни мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Во училиштето се реализираат разни видови тематски приредби, екскурзии, претстави, маскембали и забави преку кои учениците ќе осознаат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници. Ученици од етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Куманово.

Меѓу нив можеме да ги споменеме натпреварите во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, есенски крос, велосипеди и останати спортски настани. Дел од активностите на проектот се реализираат во рамките на работата на Училишната заедница на училиштето и нејзините тела.Ученичката заедница го поддржува демократското учество на учениците во училиштето т.е принципот на активно учество на учениците во животот на училиштето, тоа подразбира:

а) обезбедување атмосфера и услови;

б) градење механизми и процедури.

Односи меѓу сите структури

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница,

Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свеченост, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод:

- Ден на училиштето- 24 Мај ,
- Нова година - 31 декември,
- Ден на жената - 8 март,
- Ден на шегата - 1 април,
- Полуматурска прослава ,
- Екскурзии за учениците и наставниците.

Оваа учебна година посебно внимание ќе се посвети на прослава на верските празници Велигден и Бајрам , во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, во соработка со партнер училиштето. Ќе се организираат заеднички прослави за учениците, наставниците и родителите со цел запознавање на културата и традицијата на другите етнички заедници а со тоа и почитување на различностите.

15.Професионален развој на образовниот кадар

Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците.За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба.Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата, интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции.

Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, претставници на УО (еден родител и неговиот претседател)

чија задача е да ги детектира потребите за професионален развој на наставниците и да избере соодветни обуки.

Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес кој започнува со учеството на наставникот во Стручните активи каде се разменуваат искуства и нови сознанија. Согласно потребите на наставниците во оваа учебна година планирани соодветни обуки.

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување.

Личен професионален развој

Перманентната надградба на образовниот кадар е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес, вклучено во системот на професионалниот развој. Со цел личен и професионале развој секој наставник континуирано посетува организирани семинари , обуки, презентации, конференции, како и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно образовниот процес.

Секој наставник има сопствено наставничко портфолио кое е исполнето со трудови од нивната работа и изработки од учениците . Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот професионалниот развој. Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие.

Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето се одвива преку хоризонтално учење (наставниците учат едни од други) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, внатре во училиштето и помеѓу повеќе училишта.За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец.

Акционен план за хоризонтално учење

Активност	**Задача**	**Носител на активноста**	**Време на реализација**	**Очекувани ефекти**
Посета на отворени и нагледни часови	Споделување искуства	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Адекватен избор на форми, методи , техники и наставни средства
Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште	Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците
Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници	Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини	Наставниот кадар	Во текот на цела година	Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот

Критериуми за успех - тимска работа на наставниците која придонесува за имплементација на современи приоди во наставата, размена на примери на добра практика и спроведување активности од проектите кои се реализираат во училиштето учениците се оспособени самостојно да дејствуваат во еколошки и претприемнички дух.

Инструменти - формулари за увид во годишни, тематски и дневни планирања и посетени часови.

Индикатор за успешност - изготвени годишни, тематски и дневни планирања со застапени современи наставни форми, методи и техники и имплементирани насоки за работа дадени од МОН и БРО. Повратна информација - создавање клима за тимска работка меѓу наставниците - преземање одговорност за соработка и почитување на индивидуалниот придонес на секој поединец во колективот -развиен мултикултурен сензибилитет кај образовниот кадар и спроведени долгорочни и краткорочни активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција.

Тимска работа и училишна клима

Подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес е можно само кога во него ќе се вклучат повеќе учесници здружени професионално и со користење на умешноста на секој од учесниците.

Меѓусебната соработка и почитување игра важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Акцент се става на отворена комуникација, почитување напоединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.

16 .Вклученост на семејствата во училиштето во животот и работата на училиштето

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор.На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот.

Во текот на учебната 2023/2024 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие.Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето.Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на

негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;

- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

Во процесот на учење

На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови.
На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење. Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, над сто оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно законот се поканууваат на советување кое што го води психологот на училиштето.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на оредени професии, струки и занимања.

Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,, , ,,Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието,,Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави , забави, екскурзии и други манифестации. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти.

Во донесување одлуки

По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите. На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и

се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

Едукација на семејството

Во текот на учебната година со организираат стручни едукативни предавања за родителите со цел превенција од насилничко однесување кај учениците, зависности од дрога и алкохол, поттикнување на меѓуетничката толеранција и други современи методи.

Изработка на брошура за родители

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

17.Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница,местно население)

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница од културно образовните активности во училиштето се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина.

Институции од областа на културата

Во текот на годината се организираат посети на музеи. Училиштето остварува соработка со театарот во Куманово.
Во зависност од интересот на учениците се организира и посета на театарски и кино претстави во Куманово и Скопје.

Институции од областа на образованието

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО,со основните и средни училишта. Соработката со основните училишта од општина Куманово,републиката и пошироко и се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско - рекреативен и забавен карактер.

Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно Ђ образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

Невладини организации

Се соработува со разни еколошки друштва, се панираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

Спортски друштва

Уилиштето соработува со повеке спортки клубови, со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење

Здравствени организации

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со ЈЗУ Куманово ,Заводот за ментално здравјев, и други институции кои пружаат здраствени и психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

Медиуми

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер , ликовни колонии и литературни манифестации.

ПРИЛОЗИ

Прилог 1

Годишна програма за работа на директорот за учебната 2023/2024 година

Работата на директорот да е насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието.
Директорот ја организира воспитно- образовната работа во училиштето. Директорот како педагошки раководител во училиштето, глобално работи на:
- административно организаторска и
- педагошко - инструктивна.

ООУ„Кирил и Методиј“с. Романовце - Куманово

ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ
за учебна 2023/2024

Планирана активност	Цели	Реализатор	Форми	Времена реализација	Извори(ресурси)	Очекувани ефекти
Подготовка ,конституирање и одржување на наставнички советво врска со рзгледување на Годишната програма за работа на	да се подготви и конституира и одржи наставнички совет со цел да	Директор, педагоги наставнички совет	групна работа	август	Наставничка канцеларија, материјали за работа	Да се направи подготовка за конституирање и одржување на наставничКиот совет и разгледана е годишната програма за работа на училиштето

училиштето						
Организација на животот и работата во училиштето, распоред, задолженија и дежурства на наставниците и целиот персонал	Да се организира работата во училиштето, распоред на часови и да се одредат задолженијата и дежурствата на наставниците и целиот персонал	Директор, стручна служба, наставници и активи	групна работа	септември	простории на училиштето	Да се организира работата во училиштето, да се направи распоредот и да се дадат задолженијата на наставниците и целиот персонал
Соработка со Локалната самоуправа, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието на РМ	Да се оствари сорботка со Локалната самоуправа, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието на РМ	Директорот, Министерство за образование, Педагошки завод и претставници на Министерството	групна работа	септември/ прва недела .	Простории на училиштето, Министерство за образование и наука, подрачниот претставник на истиот	Да се оствари соработка со локалната самоуправа и министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието во РМ
Овие цели на општествено - корисна и хуманитарна работа ке се организираат низ разновидни општествено - корисни акции.

По правило тие ке се организираат во неработни денови, а некои во воннаставно време во работни денови до колку може да се организираат и спроведат за кратко време најмалку за два часа.

Општествено - корисна и хуманитарна работа ке се организира според системот на групи, а големината на групата ке зависи од карактерот на активности. Обемот и застапеноста на општествено - корисна и хуманитарна работа се одредува врз основа со планот на воннаставните активности и развиеноста на училиштето.

Општествено - корисната и хуманитарна работа за нашето училиште ке ги содржи следните активности:

1. Одржување на училница.
2. Одржување на училиштето
3. Собирни акции за помош на социјално загрозени и инвалидизирани лица.
4. Садење на садници во училишниот двор

СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

Целта на оваа подрачје е училиштето самостојно и во соработка со другите заинтересирани фактори да ја следи и проучува наставата и другите воспитно - образовни активности користејќи се при тоа со ускуствата во практиката и теоретските сознанија на другите науки.

Развиjен систем за оценување на знаењето и на напредувањето на учениците

Доколку вреднувањето на учениците според правилникот и принципите како компонента претставува составен дел на наставниот процес (на учењето и наставата). Значи да е праведен, транспарентен и континуиран процес каде што има за цел да ги подобри постигнувањата а обезбедува целосни информации што се базираат на користење на повеќе различни методи во наставата.

Наставниците при определувањето на оценката се земаат во предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења,работните навики,заинтересираноста за наставата и односот кон неа, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот.

Редовност и поведение на учениците

Училиштето има Кодекс на однесување со кој се доставени принципите и правилата на однесување на учениците.

Редот,дисциплината и редовноста се суштински принципи и приоритети во училиштето кои треба да се почитуваат од страна на учениците и истите имаат обврска и одговорност за редовната настава.

Врз основа на Законот на основното образование и согласно статутот на основното училиште

Учениците се должни:

- да се придржуваат на училишните прописи и да ја почитуваат организацијата на работата и животот во училиштето, одлуките на наставниците и органите на училиштето;
- редовно и совесно да работат на усвојување на нови знаења;
- да ја почитуваат личноста на наставникот и на сите вработени во училиштето;
- да ја почитуваат личноста на своите другари и меѓусебно да развиваат односи на другарство, поверение, отвореност и искреност;
- да се грижат за имотот на училиштето, хигиената и естетскиот изглед на училиштето и на училишните простории, личната уредност и пристоен изглед;

- надвор од училиштето да ги вршат своите граѓански должности и со своето однесување на секое место да го чуваат достоинството на својата личност, угледот на училиштето и учениците.

Секоја штета направена во училиштето од страна на учениците се наплатува од сторителот, или од учениците во паралелката, односно училиштето, доколку сторителот не е познат.

Педагошки мерки

За изградување на правилен однос на учениците кон учењето и поведението, а со цел да се постигне чувство на одговорност и спречување на негативни појави, кон учениците се применуваат педагошки мерки во училиштето и се изрекуваат на ученици коишто ги прекршуваат правилата на училишниот ред.

Заради повреда на должностите и неисполнување на обврските на ученикот може да се применуваат следниве педагошки мерки:

-укор,
- усна опомена,
- писмена опомена,
- намалување на поведението,
- преместување на ученикот во друга паралелка и
- преместување на ученикот во друго основно училиште.

Учениците кои што предизвикале материјална штета истата ја надоместуваат во полн износ.

Педагошки мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Педагошките мерки се применуваат постепено од класниот раководител а се евидентираат во соодветна педагошка документација.

За изречената педагошка мерка на ученикот се известува родителот, односно старателот.

Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка намалување на поведение се повлекува.

Педагошки мерки се применуваат спрема учениците кои не ги извршуваат своите должности, а особено:

- нередовно посетување на училиштето;
- попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето;
- нарушување на правилата во однесувањето спрема другите ученици, наставници и други лица вработени во училиштето и надвор од него;
- не се придржуваат на училишните прописи и не ја почитуваат организацијата на работата и животот во училиштето, одлуките на наставниците и органите на училиштето;
- редовно и совесно не работат на усвојување на нови знаења;
- не ја почитуваат личноста на наставникот и на сите вработени во училиштето;

- не ја почитуваат личноста на своите другари и меѓусебно не развиваат односи на другарство, поверение, отвореност и искреност;
- не се грижат за имотот на училиштето, хигиената и естетскиот изглед на училиштето и на училишните простории, личната уредност и пристоен изглед;
- надвор од училиштето не ги вршат своите граѓански должности и со своето однесување на секое место не го чуваат достоинството на својата личност, угледот на училиштето и учениците.

Училишниот одбор, по предлог на наставничкиот совет, ќе донесе Правилник за изрекување на педагошки мерки на учениците во училиштето.

Поведение на учениците

Поведението на учениците се вреднуваат со писмено и тоа во три нивоа:
Примерно ,добар и недоволен . Според член 14-15 на правилникот на поведението се состои од овие елементи:
Став на ученици во воспитно – образовниот процес
Почитување на обврските спрема училиштето и одде.заедница
Однесувањето на ученикот спрема другарите, наставницитеУчилишниот објект ,правилата во воспитно - образовниот процес.
Учениците со нивното некоректно однесување и неодговорно однесување спрема наставниците и нивните врсници им се изрекуваат педагошки мерки и се вреднуваат со намалено поведение во полугодие и на крај на учебната година.
- При изрекување на педагошка мерка не смее да се навредува личноста на ученикот.

Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот.

Задачите на училиштето во рамките на оваа дејност се:
1.Постојано да го усовршува планирањето и подготвувањето на воспитно - образовната дејност.
2.Постојано иновирање на наставата.
3.Постојано содржинско збогатување на воннаставните воспитно - образовни активности.
4.Да го унапредува ситемот на следење, проверување и оценување на учениците.
5.Да ги збогатува формите и содржините за соработка со родителите и другите воспитно - образовни институции кои се заинтерсирани за соработка со училиштето.

6.Да го усовршува системот за информирање и анализирање на резултатите и другите сорџини на работа.

Целокупната дејност на следењето и унапредувањето на воспитно - образовната работа на училиштето ке се реализира према Годишната програма по следните структурални подрачја.

1. Организирање на воспитно - образовната работа.
2. Да се следи и унапредува организационата поставеност.
3. Сите наставници во училиштето да бидат распоредени според нивните стручни афинитети.
4. Се формираат стручни активи, одделенски и педагошки активи на училиштето.
5. Ученичките организации во училиштето изготвуваат планови за работа.
6. За одделени прашања од воспитно - образовната дејност ке се решаваат пред стручните активи.
7. Воспитно - образовната работа се планира со Годишната програма на училиштето врз основа на наставниот план и програма.

Следењето и унапредувањето на наставата во училиштето ке биде пропратена со примена на групен облик на наставна работа, индивидуална настава со примена на повеке современи методи и тоа. Исто така ке се применуваат тестови и контролни задачи како објективни мерни инструменти.

Стручното усовршување на наставниот кадар во училиштето ке се одвива во повеќе насоки:

1. Претплата на наставниците на стручна литература.
2. Посета на семинари организирани од Биро за развој и другите стручни институции.
3. Стручно усовршување во рамки на училиштето преку стручните активи.
4.Организирање на семинари за работа во кризна состојба

Сите наставници и лица задолжени за изведување на воспитно-образовниот процес во училиштето се задолжуваат да изготват планирања за сите наставни и воннаставни активности во училиштето. и тоа за наставата, слободните ученички активности, општествено - корисна работа, грижа на училиштето за здравјето на учениците и другите подрачја предвидени со наставниот план и програм. Секоја наставник потребната документација ке ја води бидејки е задолжителна со часовите за подготовка предвидени со програмата.

Секој наставник ке води сметка за оптовареност на учениците со наставното градиво чија е цел да се растоварат а не оптеретат. Сите

наставници ќе водат посебна грижа за менталното и емоционалното здравје на учениците, запознавање на постстресно-трауматски реакции кај учениците и превземање соодветни мерки за натамошен третман на овие ученици.

Училиштето во рамките на својата воспитно - образовна дејност ке организира системско и програмско следење и унапредување на воспитно - образовната работа, а резултатите што ги постигнуваат наставниците и учениците ке се вреднуваат. Училиштето во својата програма е должно да ги вметне планирањата на директорот за педегошко - инструктивната работа и за воспитно - образовната дејност.

Наставниците се должни да ја планираат и организираат наставата и педагошката евиденција за својата работа. Стручната служба е должна својата работа да ја планира и програмира према наставната програма.

Исто така, проверувањето и оценувањето на успехот што го постигнуваат учениците треба да биде периодично анализирано.

Училиштето секогаш ке настојува наставниците и раководниот кадар ги усовршува преку разните форми што ги организираат институциите за образование и Бирото за развој.

Врз основа на следењето на резултатите што ги постигнува училиштето ке изготвува извештај, анализи, информации и ке ги доставa до сите заинтерсирани субјекти за образовниот процес на училиштето.

Во Годишната програма за работа на училиштето, дадени се најопшти програмски обврски од сите структурални подрачја што се реализираат во училиштето во текот на оваа учебна година, а конкретно планирање за реализација на сите програмски подрачја ќе биде извршено во посебни оперативни планови и програми.

РЕСУРСИ

Сместување и просторни капацитети

- Просторни услови
- Искористеност на просторните капацитети
- Наставни средства и материјали
- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала
- Училишна библиотека (е добро одредена и располага со книги вклучувајќи и лектирните изданија и прописно библиотекарот ја води библиотечната евиденција, библиотеката е отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден
- Потрошен материјал

Обезбедување на потребниот наставен кадар

- Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
- Ефективност и распоредување на кадарот
- Стручната служба како поддршка на наставниот кадар
(педагог и психолог)

Следење на развојните потреби на наставниот кадар
- Професионален развој на наставниците Финансиско работење во училиштето
-Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
-Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

Управување, раководење и креирање политика

Управување и раководење со училиштето

- Управување со училиштето
- Раководење со училиштето

Цели и креирање на училишната политика

- Јасност и соодветност на целите
- Процедури за креирање на училишната политик
Развојно планирање
- Цели на развојното планирање
- Професионален развој/стручно усовршување на кадарот
- Материјално-технички средства
- Инфраструктура

Евалуација

Со евалуација се опфатени ученици и нивните родители, вработени во училиштето, начинот на користење на ресурсите , активности на училиштето,процесите на одлучување резултати од преземени активности, степенот на задоволство кај учениците во процесот.

Евалуацијата се врши во текот на целата учебна година.

Методолошка основа е од комбинација помеѓу од квантитативни и квалитативни техники и истражувачки постапки:
Интервју
Тестирање
Анкетирање

Набљудување
Се користат тестови на знаења,прашалници,потсетник за водење на интервју,протоколи за наблудување.

Визија

За време на летниот распуст во училиштето ќе бидат низа работи како што се варосување, фарбање, обновување на училниците со наставни средства и помагала како би се овозможило учениците да работат во што подобри услови. Нашите ученици во оваа учебна година ќе учат во нови осветлени и варосани простории со променети врати и прозорци, во нови информатички кабинети, у;илиштето и во подрачно и во централно се затоплува ат со парно греење, нови спортски терени и нов кабинет по хемија.

Со ова нашето училиште ќе работи во современи услови а учениците наставата ќе ја следат со задоволство.

Но тука нашите планови не запираат, во проекти кој очекуваме да се прифата од страна на Министерство за образовани и сме вклучени во проектот за изградба на спорстка сала во дворот на училиштето, во план сме за средување на училишниот двор со што ке им овозможиме на учениците за време на одморите меѓу часовите пријатно да се чувствуваат во зелени површини.

Планираме и замена на стариот училишен инвентар, оградување и осветлување на училишниот двор.

Исто така во тек е реализирано во подрачното училиште во с.Агино село целосна реконструкција на училиштето и оградување на училишниот двор.

ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ПЕДАГОШКО - ИНСТРУКТИВНА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" КУМАНОВО ЗА УЧЕБНАТА 2023/ 2024 гОД.

ПЕДАГОШКО ИНСТРУКТИВНА РАБОТА

За ова програмско подрачје директорот на училиштето ќе ги реализира следните активности:

1.1.Увид во планирањето и програмирањето на наставата и друга воспитно - образовна дејност кај наставниците и други стручни работници;

1.2.Увид и помош во остварувањето на стручните, оперативно - организаторските и дидактичко - методски подготовки за реализација на наставната и воннаставната дејност во училиштето;

1.3.Педагошки увид во наставната и воннаставната работа кај секој наставник по два пати;

1.4.Работа со колегиуми на праралелки и нивните состаноци;

1.5.Работа со наставничкиот совет, изработка на програми, подготовка на материјали и водење на седниците;

1.6.Организирање на разговори и консултации со наставниците кај кои се реализирани педагошки увиди во наставата и воннаставната работа;

2. РАБОТА СО УЧЕНИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ

2.1.Работа со одделенски заедници;

2.2.Работа со детска организација;

2.3.Работа со ПЦК, разговор и договор околу активности ;

2.4.Работа со ученички здруженија на слободните ученички активности;

3.АДМИНИСТРАТИВНО - ПРАВНИ РАБОТИ

3.1.Работа со органи на управување со учество во подготовки на седници, подоготовки и пишување материјали, нацрти и нормативни акти и дурго;

3.2.Консултации, договори и работа на информации од ресорни органи на Министерство за образование ;

4. СОРАБОТКА И ЗАСТАПУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

За реализиација на ова подрачје ќе се реализираат следниве активности:

4.1.Соработка со родители;

4.2.Соработка со Биро за развој на СРМ - Подрачна единица Куманово;

4.3.Соработка со месните заедници од реонот на училиштето;

4.4.Соработка со Служба за професионално информирање на учениците;

5.РАБОТА НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ ПРОБЛЕМИ ВО РАМКИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО

5.1.Оценување на учениците;

5.2.Истражување на потребите од едукација на наставниците и нивна едукација за современа настава;

5.3.Мини акциони истражувања за потребите на учениците, родителите и наставниците за организирање на слободните ученички активности ;

ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

СЕПТЕМВРИ:

Соработка со ресорни органи и Бирото за развој на образование, во врска со почеток на учебната година;

Увид и упатства за изработка на годишни и месечни планирања на наставниците;

Организација на ниво на паралелки и работа на училиштето, распоред на часовите и простории, задолженија и дежурства на наставниците;

Снабденост на учениците со учебници и друг материјал;

Избор на нови раководства и ученички организации и формирање на групи и секции на слободни ученички активности;

Извештај за бројната положба на почетокот на учебната година по одделенија, национален состав, редовност на учениците;

Конституирање на стручни активи на наставниците;

Претплата на наставниците и училиштето со стручен печат, како и на учениците со детски списанија;

Утврдување на куќниот ред и негова реализација;

Трошок на материјални средства за почеток на новата година;

Организирање на општетсвено корисна работа, работна акција, излети, екскурзии и друго;

Увид во планирање на наставниците;

Увид во водење на педагошко дидактичка документација на наставниците;

Секојдневни прашање и проблеми во училиштето;

ОКТОМВРИ:

Посета на седници и состаноци на стручни активи;

Проверка на планирањата на одделенските раководители;

Одржување на родителски состаноци по паралелки;

Реализација на програмата на наставничкиот колегиум - стручна тема;

Одржување на хигиената на училиштето и дворот, разговор со домаќинот и работници за хигиена и детска организација
(раководство);

Активност на организацијата на ПЦК - програма, реализација, соработка со општински Црвен крст;

Реализација на делот од програмата за општествено корисна работа во училиштето;

Активности околу организирање на прием на првачиња во детска организација;

Посета на наставни часови;

Увид во реализација на дополнителна настава и слободни ученички активности;

Разговор со комисија за програма на патрониот празник на училиштето;

Останати секојдневни прашања и проблеми во училиштето.

НОЕМВРИ:

Увид во распоред и планирање на писмени работи;

Посета на часови во наставта на слободни активности;

Изработка и усогласување на нормативните акти со законски прописи, помош на комисии;

Одржување на одделенски совети на паралелки;

Наставничкиот совет - анализа на успехот и редовноста на првиот класификационен период;

Стручно предавање пред наставнички совет;

Работа на ученички организации;

Увид во педагошко дидактичка документација;

ДЕКЕМВРИ:

Увид во работата на полугодишен извештај за успехот и редовноста на учениците

Увид во финансирањето и финансово работење на училиштето;

Работа со стручни активи;

Соработка со ресорни министерства во врска со финансов план за наредна календарска година;

Разговор со раководства на ученички организации;

Соработка со месните заедници од реонот на училиштето;

Посета на наставни часови;

Подготовка за дочек на Новата година во училиштето;

Разгледување на извештајот од Бирото за развој на образованието, за успех на основни училишта од општината;

Тековни работи во училиштето.

ЈАНУАРИ:

Претплата на стручна литература за стручно усовршување на наставниот персонал;

Увид во Завршна сметка на училиштето;

Стручно усовршување на наставен кадар во соработка со Бирото за развој на образованието-Куманово;

Одделенски совети на паралелки - за успех од прво полугодие;

Одредување на рокови за организирање на родителски средби;

Соработка со ресорните органи;

Состанок со претставници од месна заедница за анализа на успех и работа на училиштето;

Евиденција на редовноста и отсуство на учениците;

Тековни работи и проблеми во училиштето.

ФЕВРУАРИ:

Анализа на успех од прво полугодие пред наставничкиот совет;
Извештај за полугодишни резултати;
Увид во работа на ученички организации;
Увид во реализиација на програмите на стручните активи;
Разгледување на Завршна сметка пред Училишниот Одбор;
Информација за работа на слободните ученички активности;
Увид во реализација на програма на наставничкиот совет;
Увид во реализација на следење, унапредување и вреднување на воспитно - образовната работа;
Увид во оперативни подготовки на наставниците;
Разговор со одговорни за, хигиена и др;
Останати секојдневни прашања на училиштето.

МАРТ:

Следење и оценување на учениците - проверка за континуирано оценување;
Увид во реализација на програмата на општетсвено - корисна работа на учениците;
Прослава на 8 Март - Денот на жената;
Посета на наставни часови;
Увид во реализација на дополнителна настава;
Увид во реализација на програма за јавна и културна дејност на училиштето;
Преглед на педагошка администрација и документација;
Увид во работа на разни комисии и групи формирани од стучни органи на училиштето;
Посета на работа на стручни активи - практично предавање за примена на нагледност во наставата;
Организирање на работни акции по повод Денот на пролетта - Ден на екологија;
Разговор со комисијата за прослава на патрониот празник;
Тековни проблеми на учлиштето.

АПРИЛ:

Одделенски совети за утврдување на успехот од третиот период;
Наставнички совет - анализа на успех и поведение и мерки за подобрување;
Непосреден педагошки увид во наставни часови на наставниците;

Активности во врска со учество на "Априлски средби";

Корелација на слободни ученички активности за избор на ученици кои ќе го преставуваат училиштето на општински натпревари;

Соработка со месна заедница, Бирото за развој на образованието и Подрачна единица на Министерство за образование ;

Одредување на термини за родителски средби во врска со успехот на учениците;

Увид во реализација на програми на стручни органи;

Организирање на спортско рекреативни екскурзии;

Увид во хигиената на училиштето и училишниот двор;

Организирање на предавања од страна на лекари пред учениците од седмо и осмо одделение;

Тековни работи.

МАЈ:

Завршни активности околу реализација на натпреварите во знаења на одделни наставни предмети, спортски дисциплини и олимпијада на млади техничари и природњаци;

Увид во работа на одделенските заедници;

Прослава на 24 Мај - Денот на просветните работници и денот на уцилистето

Увид во воспитно - образовната работа на одделенијата;

Реализација на програмата на стручни активи во училиштето;

Реализација на програмата за професионално ориентирање на учениците во училиштето преку запознавање со конкурси и приемни испити;

Увид во водење на педагошка - дидактичка документација и училишната администрација;

Реализација на програмата во врска со испраќање на генерацијата на осмите одделенија;

Организирање на заеднички состанок на стручните активи;

Останати секојдневни задачи во училиштето.

ЈУНИ:

Реализација на програмата на ученички организации;

Одржување на одделенски совети за годишен успех;

Организирање на подготвителна настава за слабите ученици;

Анализа на годишен успех пред наставничкиот совет;

Изготвување на годишен извештај за условите, работата и резултатите постигнати на крајот на учебната година и доставување до Бирото за развој на образованието Куманово и месните заедници од реонот на училиштето;

Формирање на комисии за изработка на годишна програма за работа на училиште за наредната учебна година;

Организирање на завршен чин за крајот на учебната година;

Договор со помошен персонал за поправки и варосување;

Останати секојдневни прашања на училиштето.

АВГУСТ:

Организирање на подготвителна настава и распоред на попоравни испити;

Утврдување на резултати од поравните испити на седницата на наставничкиот совет;

Подоготовка за новата учебна година, изготвување распоред на часовите, дежурства и други задолженија;

Усвојување на Предлог - Годишен план и програма за работа на училиштето;

Напаствија за годишни и месечни планирања на наставниците;

Изготвување на план и програма за научни екскурзии и спортско рекреативни екскурзии и излети;

Присуство на состаноци и семинари во врска со новини и промени во наставните планови за почеток на учебната година;

Соработка со ресорни органи Биро за развој на образованието-Куманово и ПЕ на Министерство за образование во врска со Упатството за почетокот на учебната година;

Организирање на свечена приредба и прием на првачиња за првиот училишен ден;

Секојдневни прашања и проблеми во училиштето.

Сите програмирани активности ќе бидат прилагодени кон моменталната кризна состојба во државата

Директор

Скендер Рушити

ПРОЕКТ „Меѓуетничка соработка во општините,,

Предлог модел на акционен план-прилог на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година

Цел	Активности	Време	Ресурси	Носители	Очекувани Резултати
Изучување на немајчин јазик	Ангажирање на наставници по македонски и албански јазик	Последен ден на неделата	Родители Стручни активи Училишен одбор	Стручна служба Наставници и ученици	Совладан јазик различен од својот
	Запознавање на основните термини во секојдневната употреба на учениците на немајчин јазик				Вредноста Е по познавање на јазиците Колку јазици знаеш,повеќе вредиш
Посета на Училишта со двојазична настава	Ангажирање на наставници по македонски и албански јазик	Последен ден на неделата	Родители Стручни активи Училишен одбор	Стручна служба Наставници и ученици	Разбирање на различностите Култура,вера Обичаи

ПРОЕКТ ,,Меѓуетничка соработка во општините,,

План за евалвација на акционен план за учебната 2023/2024 година

Цел	Критериуми за успех	Инструменти	Индикатори за успешност	Носители	Повратна информација
Изучување на немајчин јазик	Интерес , Посветеност, Ангажираност, Дружељубивост	Касетофон, Табла Наставни ливчиња	Покажува свесност за разбирање на различни култури	Стручна служба Наставници и ученици	Поделено со разбирање Соживот, комуникација
					Рзбирање на различна култура и традиција
Посета на училишта со двојазична настава	Интерес , Посветеност, Ангажираност, Дружељубивост	Фотоапарати Постери, флаери	Покажува разбирање и почитување кон различности	Стручна служба Наставници и ученици	Вербално разбирање меѓу учениците

Активности кои училиштето ги планира:

Самостојни активности во училиштето-работилници во училиштето во кои учествуваат ученици,родители и наставници од различната припадност

Соработка со општната - се организираат натпревари,настава во природа,разни проекти во одделени предмети ,се изведуваат вон наставни активности со ученици(излети,прослави,работилници,квизови).

Професионална соработка меѓу наставниците,размена на позитивни искуства,комуникациски,социјални

Соработка со општини-со јавни културни манифестации,прослави и друго

Акционен план за десиминација

Активности	Очекувани резултати/продукт	предуслови	реализатори	Термин Од/до
Информирање на наставничкиот совет за организирање на десиминација на обука за МИО	Одржување состанок за одржување на обука	Договорна средба на тимови Информација за организација за десиминација	СИТ-носечка улога директор	Крај на август
Подготовка за спроведување на десиминација на обуката на ниво на училиште	Одржани работни состаноци на тимови Проучување на содржина Изработка на предлог план Изработка предлог план за дисеминација со дефинирани содржини на обуката и агенда со временска рамка Разгледување на технички аспекти на обуката	Дефинирање на цели Поделени улоги на обучувачите за водење нњ сесии	СИТ	Септември-втора половина
Учество на состанок за менторска подршка организиран од страна на регионални ментори на	Направена анализа на предлог планови на десиминација подготвена од училиште Финализирање планови за	Подготвен предлог план Подготвени листи со прашањаза дискусија на состаноци за менторска	Ментор координатор	

ПМИО	дисеминација на обуките Консултации за водење на сесии	подршка		
Информирање на учесниците на обуката	Соопштение за датум на одржување на обуката	Договорен термин за одржување на обуката		
Логистичка подготовка за обуката	Формирање на групи учесници не поголема од 35-40 Обезбедени соодветни простории Обезбедена соодветна опрема Обезбедени потребен материал Списоци за учесници Подготвени прашалници за евалуација на обуката	Разгледани технички аспекти на обуката Поделени улоги на обучувачите во логистичка подршка	СИТ ментор	
Спроведување на десиминација на обуката на ниво на училиште	Реализирана обука Пополнети списоциза учество на учесниците Презентирање прирачници за заеднички активности и демократско учество на учениците	Направена завршна подготовка меѓу членовите на тимот за спроведување на обуката	СИТ ментор	
Одржување на состанок за рефлексија за обуката И пишување извештај за	Одржан состанок за рефлексија Подготвен извештај Доставен список за учество на	Собрани потребни податоци за подготовка на извештајот	СИТ Ментор-листи од евалуација	

одржана обука	учесници до ментор на ПМИО			

Табела за глобално планирање за меѓуетничка интеграција во образованието

Поглобални активности	Очекувани резултати/продукти	предуслови	Реализатори	Термин од/до
Дефинирање улоги на членови на тимот	Доделени одговорности на членови на тимот според МОН активности Назначување на координатор на тимот	Договорна средба на тимот Усогласување на стратегија на тимот	СИТ	септември
Десиминација на обуката на тимот на ниво на училиште	Одржана работилница со сите наставници Давање податоци за обуката и бројна состојба на учесниците	План на десиминација со поделени улоги во тимот за водење сесии	СИТ	Крај на септември
Формирање партнерство со училишта со друг наставен јазик	Формирање партнери Организирање на заедничка работа Подготвен предлог план за соработка И партнерство	Контактирање со партнер училиште и обезбедување согласност за партнерство	СИТ наставници	октомври
Воведување МИО активности во годишна програма	Усвоена годишна програма со МИО Активности со партнер училишта и дефинирање на целите	Констатирани постоечки активности за меѓуетничка интеграција Листа на	СИТ	октомври

		заеднички активностисо партнер училиште Одржување на работна средба		
Планирање на конкретни активности	Подготвени акциони планови за секоја конкретна активност	Формирање на тимови за планирани активности Одржани работни средби	СИТ наставници	октомври
Реализација на планирани активности	Сите активности со партнер училиште се спроведуваат во училиштето Одржување на состаноци со стручни активи Обезбедување докази за спроведени активности	Наставници водат портфолија и прават рефлексија и анализа од спроведените активности	наставници локална самоуправа	Ноември-декември
Следење на реализација на активности	Месечни извештаи од планирани активности Истакнување на информации на Табла за реализација на активности	Инструменти подготвени од ПМИО за мониторинг на реализација на активностите Редовна средба со тимови	СИТ	февруари
Самоевалуација на активности	Извештај за тоа како реализација на активности за МИО придонела за подобрување на состојбата	Потполнет прашалник за самоевалуација од страна на наставници,ученици, родители Обработка на податоци дадени во прашалникот	Наставници Родители Ученици	Декември-јуни

Промоција на реализиранит е активности	Еден промотивен настан во училиштето, презентацијана активности пред ученици,родители и представници од општината Континуирано презентирање на информации	Подготвен промотивен материјал-прикажан процесот и продуктот од реализирани активности	Наставници Родители Ученици	Ученици
Водење на професионал но портфолио сертификациј а	Разгледани критериуми за сертификација и фази за спроведување на на процедура за сертификација Одржан состанок за начинот на водење и евалуација на професионално портфолио	Вклучување на активности за меѓуетничкаин теграција во професионалн о портфолио во кое наставниците собираат успршни практики и прават рефлексии и прават анализи на спроведените активности во текот на второто полугодие	Ментор Обучувач советник	

ПРОЕКТ,, БЕЗБЕДНИ УЧИЛИШТА,,

Во проектот Безбедни училишта е опфатено и нашето училиште а кое е поддржано и финансирано дел од локалната самоуправа на општина Куманово и од мисијата ОБСЕ.

Се формираат одделни тимови за безбедност на ниво на училишта, редовно се спроведуваат истражувања со ученици и родители, сите оние кои се на некој начин во допир со учениците.

Целта на овој проект е да прерасне во редовна и одржлива употреба во училиштата.

Насилството кај младите длабоко ги повредува жртвите, семејствата, средината каде што живеат насилниците и самата заедница односно зад себе остваат силен психолошки ефект на несигурност,хаос и паника.

План за евалвација на акционен план за учебната 2023/2024 година

Цели	Активности	Време	Ресурси	Носители	Очекувани Резултати
Запознавање со видови насилства во училиштето	Работилници	Во текот на цела година	Преку разговори презентирање на разни флаери	Ученици Наставници родители	Препознавање на видови на насилства
Запознавање со работа на институции	Посета на институции	Во текот на второто полугодие	Брошури и разен друг материјал	Ученици Представници од посетени институции	Запознавање на институциите
Дружење на ученици од други училишта и од разна етничка припадност	Посета на други училишта, верски објекти,иинституции	Во текот на целата учебна година	Брошури Цртежи хамери	Ученици Наставници	Запознавање со различностите

Директорот ги врши следниве работи:

го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење;
- ја организира, планира и ја води работата на општинското основно училиште;
- подготвува предлог на годишна програма за работа е одговорен за реализација на годишната програма за работа;
- е одговорен за остварување на правата и обврските на учениците;
- врши избор на наставници , стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и актите на училиштето;
- врши распоредување на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар;
- одлучува за престанок на работен однос на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и колективен договор;
- поттикнува стручно оспособување и усовршување на наставниците, стручните соработници и воспитувачи;
- организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници-приправници, воспитувачи-приправници, присуствува на часовите на наставата и ја следи работата на наставниците и ги советува;
- ја следи работата на училишниот педагог, психолог и другите стручни работници;
- се грижи за соработка со родителите;
- ги известува родителите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците;
- одлучува за воспитните мерки;
- ја потикнува и следи работата на заедницата на ученицита;
- обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор;
- ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето;
- одлучува за склучување за работните односи;
- покренува дисциплинска одговорност на наставниците, стручните соработници и воспитувачи;
- се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината;
- донесува решенија за одмори и отсуства на работниците;
- формира комисии;
- план за јавни набавки и
- врши и други работи согласно со закон и колективен дог

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ (ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР)

Правилникот за однесување на учениците, родителите и наставниците ги содржи основните начела на однесување во училиштето и училишниот двор, што е предуслов за непречена и успешна работа.

Правилата се видливо истакнати во училишната зграда, така што сите учесници во воспитно- образовниот процес имаат можност постојано да ги проследуваат и да се потсетуваат на истите. Сите учесници во воспитно-образовниот процес треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето, да ги знаат своите права и одговорности.

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

Ученикот треба:

- навреме и редовно да доаѓа на настава;
- да се грижи за училишниот инвентар (клупите, компјутерите, столчињата и сл.);
- да се грижи за хигиената во училиштето (училниците, тоалетите и ходниците), училишниот двор и блиската околина;
- да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите;
- да доаѓа уреден;
- на часовите внимателно да слуша и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- да придонесе за одржување на работната атмосфера;
- редовно да носи училишен прибор, учебници и тетратки;
- секогаш да служи за пример со својот изглед и однесување;
- да доаѓа на училиште пристојно облечен;
- секогаш и секаде да внимава на својот речник и јазик, кој треба да е литературен, јасен и пристоен;
- да соработува со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- да помага на помалку успешните ученици;
- да биде одговорен, да се однесува примерно и да се изградува во личност во која секој ќе може да има доверба;

- да се грижи и да придонесува во градењето на позитивни односи со сите ученици врз основа на другарството;
- да го исклучи својот мобилен телефон за време на часовите;
- да не носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- да го отпоздрави наставникот кога ќе влезе во училница;

за време на часот да не излегува во тоалет;

- да не вика по ходниците, да не трча и да се придржува кон правилата на однесување;

ако во дворот види отпад да го фрли во корпа за отпадоци;

- да влезе во училницата штом го слушне звончето;

- да внимава на своето однесување и да не врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- да им се обраќа со ВИЕ на возрасните;
- да користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација;
- да поздравува со добро утро, добар ден и до видување;
- да не користи вулгарни зборови кога комуницира;
- да не носи предмети со кои би можел да ги повреди другите ученици;
- да го искаже секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- да не ги потценува способностите на своите соученици;
- како повозрасен да се однесува коректно кон помалите;
- го сослуша внимателно и да го почитува мислењето на другиот;
- да ги почитува различните од себе;
- да биде искрен со своите родители, дури и да згреши, тие ќе имаат разбирање за неговите постапки;
- да не се затвора во свое Iдруштвов, туку да пронајде време и за оние кои не припаѓаат на неговото Iдруштвов;
- редовно да ги информира родителите за случувањата во училиштето;
- задолжително на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот;

Дежурниот ученик треба:

- навреме да го започне своето дежурство;
- да го следи и евидентира влегувањето и излегувањето на лица кои не се вработени во училиштето;
- да се грижи за редот и дисциплината за време на часовите и одморите;

- да внимава родителите да имаат дозволен влез само на одморите, до наставничката канцеларија или до канцелариите на стручната служба;
- да не дозволува да влегуваат младинци (бивши ученици) да се шетаат низ училишните ходници;
- да не дозволува кај пријавницата собирање на други ученици кои не се дежурни;

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

Родителот/старателот треба:

- да го почитува куќниот ред на училиштето;
- при влегувањето во училиштето, задолжително да се пријави кај дежурниот ученик;
- како што го почитува своето време, да го почитува и времето за прием кај наставниците;
- на примерен начин да комуницира со персоналот во училиштето и соодветно да се однесува со нив;
- редовно да се информира за постигнатиот успех и поведение на своето дете
- редовно да ги исполнува обврските што ги има кон училиштето (материјални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците, консултации со наставниците и сл);
- да не ги игнорира потенцијалните проблеми на сопственото дете и да реагира превентивно и благовремено;
- задолжително да присуствува на родителските средби во училиштето;
- да има на ум дека неговите постапки се пример за однесување на сопственото дете;
- да знае дека училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека.

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Наставникот треба:

- да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава;
- да го почитува времетраењето на часот;
- секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување;
- професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви и користење на современа технологија;
- да ја почитува личноста на секој ученик;
- професионално да се однесува за време на часот;
- реално да го оценува знаењето на ученикот без оглед на другите негови оценки;
- редовно да им помага на учениците, преку разни форми на активност;
- да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него;
- редовно и навреме да го повикува и известува родителот за постигнувањата, однесувањето и проблемите на неговото дете;
- да го упатува родителот на помош од компетентни лица, во ситуации кога за тоа има потреба;
- да го почитува секој свој колега, да соработува, разменува мислења и искуства врзани за работата;
- да се ангажира во работата на стручниот актив на кој припаѓа;
- редовно да присуствува во работата на одделенскиот и наставничкиот совет во училиштето и да ги почитува одлуките од истите;
- да е креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница;

ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ

Останатите вработени во училиштето треба:

- да ги извршуваат работните задачи што се во описот на нивното работно место;
- да соработуваат со наставниците, стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;

- да доаѓаат навреме на работното место;
- да остваруваат коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во термините за прием одредени од самиот вработен;
- со својот лик, однесување, говор и култура да биде пример за учениците и вработените во училиштето;

НАПОМЕНА

Оваа годишна програма е работена за услови на нормално работење во воспитно образовен процес во училиштето. Доколку условите во врска со епидемиолошка состојба се променат, наставата во училиштето ке се одвива според препораките на министерство за образавание и насоките кои тие ке ги дадат.

Програма за работа на училишниот инклузивен тим при ООУ„Кирил и Методиј с.Романовце

Активности	Цели	Задачи	Носители	Очекувани исходи	Време на реализација
Подготовки на наставниците - глобално и тематско планирање на наставната програма за реализирање во учебната 2023/2024 година.	Наставната работа да се приспособи на развојните и индивидуалните потреби и достигнувања на учениците, согласно со научните сознанија за разликите во развојот на деца	Во планирањата, наставната програма е приспособена кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците. *Се планираат разновидни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа	УИТ, наставници	Во планирањата, наставната програма е приспособена кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците. *Се планираат разновидни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа	Август - септември 2023 година.
Идентификување на надарените и талентираните ученици, изготвување на програмата за додатна	Да се идентификуваат надарени и талентирани ученици/идентификација на типот на успешност.	*Идентификување на карактеристиките за учењето. *Идентификување на творечките карактеристики.	УИТ, наставници	*Идентификувани се учениците со општа надареност за одделни области. *Идентификувани се учениците што се талентирани за	Септември - октомври 2023 год

настава	*Да се планира додатна настава согласно потребите и интересите на НТ ученици	* Препознавање на мотивационите карактеристики. *Идентификување на социјалните карактеристики. *Изготвување програми за додатна настава		одделни области. *Изготвени се нацрти на програми за додатна настава	
Планирање на програмата за дополнителна настава	*Да се обезбеди помош за ученици што имаат тешкотии при совладување на наставниот материјал во редовната настава - помош за надминување на тешкотиите.	Приспособување на содржините од наставниот материјал за надминување на тешкотиите во учењето. *Приспособување на наставната работа кон индивидуалните потреби на учени-ците	наставници УИТ.	Направена е првична идентификација на ученици со тешкотии во учењето. *Изготвени се основи за планирање на дополнителната настава по предмети и по одделенија.	Септември - октомври 2023 год

Активности	**Цели**	**Задачи**	**Носители**	**Очекувани исходи**	**Очекувани исходи**
Насоки за изготвување на ИОП и пополнување на потребните обрасци	Да им се помогне на наставниците во целосно разбирање на инклузивното образование и наставниците да се оспособат за изготвување ИОП.	Консултативни средби, дискусии и интерни обуки.	УИТ, наставници	*Зголемен е бројот на наставници што знаат да изготвуваат ИОП. * Изготвени се ИОП-и за сите ученици за кои е утврдено дека е потребено. * Подобрено тимско работење на наставниците	Август - септември 2023 година.
Работилници со родители	*Родителите да бидат информирани за инклузивното образование и за инклузивноста на училиштето	Одговор на прашањата: *Со кои предизвици за инклузијата треба да се справуваме?	УИТ, наставници.	Зголемен е бројот на родители што го прифаќаат инклузивното образование. *Зголемен е	Септември - јануари 2024 година

		*Како треба да работиме за да ја постигнеме целта? *Што претставува тимот за инклузија во училиштето? *Како родителите можат да придонесат за развој на инклузивното образование во заедницата?		бројот на родители што се обраќаат до УИТ.	
Поддршка на наставниците во идентификување (детектирање) на наставните потреби за децата	Наставниците да ја сменат парадигмата од идентификување на „посебни потреби“ кон идентификување на потребите на децата за учење и кон пристап што се фокусира на идентификување (детектирање) на тешкотиите при учењето	Консултативни средби	УИТ	*Зголемен е бројот на наставници што умеат да ги идентификуваат и да им излезат во пресрет на специфичните тешкотии во учењето на учениците.	Во текот на учебната година.
Поддршка од учениците - работилница со членови на училишната заедница.	*Да се обезбеди ученичка поддршка за учениците со ПОП.	работилница	УИТ; наставници	*Зголемен е бројот на ученици што во наставата и надвор од неа им помагаат на учениците со тешкоти во учењето.	Во текот на учебната година.

Активности	Цели	Задачи	Носители	Очекувани исходи	Очекувани исходи
Следење и идентификување на деца што имаат потреба од дополнителна настава.	*Да се користи дијагностичко проверување на почетокот на учебната година. *Учениците формативно да се оценуваат	Изработка на насоки и инструменти за водење белешки, собирање изработки, за евалутивни и за чек-листи и др	Наставници УИТ.	Навремено се идентификуван и учениците со тешкотии при совладување на наставниот материјал во редовната настава. *Зголемен е бројот на ученици што успешно ги совладуваат содржините од приспособената наставна работа кон нивните индивидуални потреб	Во текот на учебната година
Неформални средби со наставниот и друг кадар и разговор по поединични прашања или тешкотии	Да се зголеми соработката помеѓу кадарот во училиштето и да се договараат заеднички и индивидуални активности.	Размена на идеи, предлози, мислења, консултации.	УИТ	*Зголемен е бројот на наставници што добиле поддршка од УИТ.	Во текот на учебната година.

Средби и консултации со стручни лица надвор од училиштето	Да се добие дополнителна стручна помош и поддршка. *Да се разменуваат искуства и идеи, како и соработка во активности по определени содржини.	Средби, договарања, консултации и др.	УИТ	Унапредување на инклузивното образование и на воспитно-образовниот процес.	Во текот на учебната година.
Извештај за работата на УИТ.	Да се сумира реализацијата на активностите и ефектите од работата на УИТ и на инклузивното образование во училиштето	*Самоевалвација на инклузивноста на училиштето и работењето на УИТ. *Финализирање на инклузивното училишно портфолио за учебната година. *Сумирање на активностите на УИТ. *Рефлексија на работата на УИТ.	УИТ	*Документирана е работата на УИТ. *Направена е анализа на работата на УИТ. *Формулирани се предлози за работа за наредната година.	Јуни 2024 год



Датум
05.07.2023
С.Романовце – Куманово

М.П.

Председател на УО

_____
Ајредин Џеладини

Директор

_____
Скендер Рушити